Република Северна Македонија
Универзитет „Св.Кирил и Методиј"
МЕДИЦИНСКИ ФАКУЛТЕТ
Бр.02-7650 /1
Дата 22.12.2025 год.
С к о п ј е

**До**

**-----------------------------------------------**

**-----------------------------------------------**

**Член на Наставно-научниот совет**

**<u>Т У К А</u>**

# П О К А Н А

Врз основа на член 114 од Законот за високото образование и член 95 од Статутот на Медицинскиот факултет во Скопје во состав на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" во Скопје **СВИКУВАМ, XXVII** редовна седница на Наставно-научниот совет на Медицинскиот факултет при УКИМ во Скопје, на ден **25.12.2025** година **(четврток)** со почеток во **12:00 часот** во Амфитеатарот во деканатот на Факултетот со следниов

## Д Н Е В Е Н  Р Е Д

1. Усвојување на записниците од XXV редовна седница на Наставно-научниот совет одржана на ден 17.11.2025 и усвојување на записникот од XXVI седница на Наставно-научниот совет одржана на ден 28.11.2025 година преку средствата за електронска комуникација.
2. Соопштенија на деканот.
3. Предлагање на рецензентски комисии по распишаниот конкурс од факултетот за избор на лица во наставно-научни, научни и соработнички звања.
4. Донесување на Одлука за давање согласност за вршење на високообразовна дејност на Фармацевтски факултет при УКИМ во Скопје, по дадена согласност од Катедрата за гинекологија и акушерство.
5. Извештаи по рецензии.

***а) Извештаи од комисии за оцена на предлог-докторски проект за изработка на докторски труд по медицина од докторанди на Школата за докторски студии при УКИМ*** *(позитивните извештаи на рецензентските комисии за оценка на предлог-докторски проект за изработка на докторски труд за следните кандидати се едногласно прифатени од Советот на студиска програма од третиот циклус докторски студии) за:*

1. Д-р Марко Костовски на тема: "Компарација на стандардни методи за идентификација и одредување на осетливоста кон антимикробни средства на патогените микроорганизми од уринокултура со автоматизирани методи и MALDI-TOF".

2. Д-р Гордана Георгиева на тема: "Профилактичен регенеративен периферен нервен интерфејс кај ампутации на долен екстремитет".

3. Д-р Сара Ристовска на тема: "Употреба на пикфлоуметар и акциски план во менаџмент на пациенти со неконтролирана астма во примарна здравствена заштита".

4. Д-р Љеља Муаремоска Канзоска на тема: "Геномна дијагностика на епилепсиите со ран почеток".

5. Д-р Весна Чибишева на тема: "Сонографско следење на механизам на породување и предикција на начин на породување".

***б) Извештаи од комисии за оцена на докторски дисертации по медицина од докторанди на Школата за докторски студии при УКИМ за:***

1. Д-р Дејан Дамјановиќ на тема: „Анализа на ефектите од транексамичната киселина врз крвозагубата при тотална артропластика на колкот" Билтен на УКИМ бр. 1342 од 01.12.2025 година, стр. 140-148.

6. Извештаи од одбори, наставно-научни колегиуми, совети и комисии

- Наставен одбор
- Совет на студиска програма за трет циклус студии по медицина
- Одбор за специјализации и субспецијализации
- Наставно-научен колегиум за јавно здравство
- Совет на студиска програма за трет циклус на студии по јавно здравство
- Одбор за издавачка дејност

7. Избори по билтени

Избор во наставно-научни, научни и соработнички звања на Медицинскиот факултет, а според Билтен на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" во Скопје, Билтен на УКИМ бр.1342 од 01.12.2025 година.

***I. Избор по билтен бр. 1342***

а) Избор на виш научен соработник по предметите од научните области: интерна медицина, геријатрија, клиничко-болничка и општа здравствена нега и хепато-гастро-ентерологија врз основа на рецензијата, а по пријава на н.сор. др Атип Рамадани (*предложен за избор*), стр. 26-39.

б) Избор на научен соработник по предметите од научната област педијатрија врз основа на рецензијата, а по пријава на ас.д-р Ивана Арнаудова Даневска и ас.д-р Весна Мицевска (*предложени за избор*), стр. 95-133.

в) Избор на асистенти по предметот гинекологија и акушерство врз основа на рецензијата, а по пријава на д-р Зоран Илиевски и д-р Арта Исљами Зулфиу (*предложени за избор*), стр. 134-139.

**Рецензија со приговор**

а) Разгледување на приговорот на н.сор.д-р Бисера Николовска по однос на референтот од рецензентската комисија за избор на еден наставник во сите наставно-научни звања по предметите од наставно-научните области: хирургија, клиничко-болничка и општа здравствена нега и пластична хирургија, (со издвоено мислење) (*приговорот и одговорот на приговорот од рецензентската комисија ви се доставени во прилог*), Билтен на УКИМ бр. 1343 од 15.12.2025 година, стр. 189-193.

- Избор на доцент по предметите од наставно-научните области: хирургија, клиничко-болничка и општа здравствена нега и пластична хирургија, (со издвоено мислење) врз основа на рецензијата, а по пријава на н.сор.д-р Маргарита Пенева (*предложена за избор*), а н.сор.д-р Бисера Николовска *не е предложена за избор,* стр. 40-94.

**Напомени:**

**1. Материјалите за седницата се достапни на www.medf.ukim.edu.mk се доставени на Вашата е-маил адреса (*доколку имате промена на Вашата е-маил адреса Ве молиме јавете се на тел: 3103 700*).**

**2. По повод Новогодишните и Божиќните празници во просториите на деканатот ќе се одржи Новогодишен коктел по завршувањето на седницата.**

Д е к а н,
Проф.д-р Светозар Антовиќ

# З А П И С Н И К

Од одржана **XXV** редовна седница на ден **17.11.2025** година година, на Наставно-научниот совет на Медицинскиот факултет-Скопје, со почеток во **13** часот, во просториите на амфитеатарот во деканатот.

Од вкупно 150 членови на Наставно-научниот совет, по предложениот дневен ред на седницата се изјасниле 109 членови од кои (100 наставници и 9 студенти) и тоа: Светозар Антовиќ, Марија Вавлукис, Јулија Живадиновиќ Богдановска, Рубенс Јовановиќ, Симон Трпески, Светлана Цековска, Биљана Зафирова, Аце Додевски, Билјана Трпковска, Катерина Тошеска Трајковска, Ирена Костовска, Лена Какашева Маженковска, Јасмина Плунцевиќ Глигороска, Бети Дејанова, Иванка Караѓозова, Гордана Јанкоска, Елена Трајковска Докиќ, Маја Јурхар Павлова, Славица Костадинова Куноска, Димче Зафиров, Јасмина Тројачанец Павловска, Мери Киријас, Бети Зафирова Ивановска, Фимка Тозија, Александар Станков, Горан Павловски, Наташа Битољану, Златко Јаќовски, Венјамин Мајсторов, Елизабета Стојовска Јовановска, Маја Јакимовска Димитровска, Елизабета Србиновска Костовска, Христо Пејков, Јорго Костов, Антонио Георгиев, Гоце Спасовски, Билјана Герасимовска Китановска, Павлина Џекова Видимлиски, Лада Трајческа, Злате Стојаноски, Александра Пивкова Велјановска, Сава Пејковска, Маја Бојаџиоска, Лидија Петковска, Жанина Переска, Калина Гривчева Старделова, Бети Тодоровска, Дафина Николова, Мери Трајковска, Снежана Марковиќ, Саша Јовановска Мишевска, Марија Здравеска, Констандина Кузевска Манева, Светлана Кочева, Соња Бојаџиева, Христина Манџуковска, Данило Нонкуловски, Валентина Цвејоска Чолаковска, Ирена Кондова Топузовска, Марија Цветановска, Марија Димзова, Гордана Китева Тренчевска, Игор Петров, Анита Арсовска, Емилија Цветковска, Антони Новотни, Лилјана Игњатова, Димитар Боневски, Игор Стојковски, Силвија Дума, Ѓорѓи Трајковски, Андреја Гавриловски, Марко Спасов, Лазар Тодоровиќ, Шабан Мемети, Софија Пејкова, Александра Гавриловска Димовска, Оливер Станков, Зоран Божиновски, Даниела Георгиева, Роза Џолева Толевска, Емилија Ѓошевска Даштевска, Јане Нетковски, Ана Данева Маркова, Сашо Стојчевски, Елена Џикова, Ирена Алексиоска Папестиев, Иво Ќаев, Анета Сима, Кристина Скепаровска, Миле Тантуровски, Ива Малахова Ѓореска, Гордана Ристовска, Ериета Николиќ Димитрова, Валентина Коевска, Марија Гоцевска, Татјана Макаровска Бојаџиева, Александар Петличковски, Катарина Ставриќ и Томислав Станковски, *Студенти:* Миа Чичкариќ, Филип Калаџиски, Кала Дренковска, Анастасија Стевкова, Дарко Јано, Александар Недев, Ива Дерибабова, Владимир Аневски, Анамарија Паункоска.

*Најавени отсуства на седницата*: Магдалена Богдановска Тодоровска, Невена Маневска, Круме Јаќовски, Соња Николова, Дејан Докиќ, Силвана Наунова Тимовска, Наталија Долненец Банева, Славица Арсова Хаџи-Анѓелковска, Зоја Бабинкостова, Виолета Клисаровска, Христина Брешковска, Илир Вела, Васил Папестиев, Сашо Дохчев, Игор Алулоски, Јордан Минов, *Студенти*: Едис Еминовски, Јован Костадиновски, Виктор Трајковски, Андреа Поп Ангелова, Панче Ангелов, Магдалена Лазевска, Јован Маркоски, Теодора Блажеска, Марија Совиновска и Теодора Андоновска.

*Отсутни членови на седницата*: Синиша Стојаноски, Петар Јаневски, Оливер Калпак, Емилија Секулоска, Ристо Чоланчески, Реџеп Сељмани, Огнен Костовски, Илир Хасани, Александар Чапароски, Горан Димитров, Катерина Николоска, Андријан Карталов, Билјана Кузмановска, Марија Јовановски Срцева, *Студенти*: Дијана Кока Џемаили.

Материјалите за седницата на членовите на ННС им беа доставени на 12.11.2025 година.

Членовите на ННС со мнозинство гласови го прифатија предложениот дневен ред.

Членовите на ННС се изјаснуваа по следниов

**Д Н Е В Е Н   Р Е Д**

1. Усвојување на записникот од XXIV седница на Наставно-научниот совет одржана на ден 22.09.2025 година.
2. Донесување на Одлука за избор на членови во Комисија за самоевалуација на Факултетот .
3. Извештај на деканот за работата на Медицинскиот факултет во Скопје во состав на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" во Скопје за периодот ноември 2024 година-ноември 2025 година.
4. Усвојување на годишна програма за работа на Медицинскиот факултет во Скопје во состав на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" во Скопје за академската 2025/2026 година.
5. Донесување на Одлуки за давање согласност за вршење на високообразовна дејност на факултети при УКИМ во Скопје, по дадена согласност од катедрите. (*прилог листа*)
6. Донесување на Одлуки за мирување на Конкурсите за избор на лица во сите наставно-научни, научни и соработнички звања објавени од стана на Универзитет „Св. Кирил и Методиј„ во Скопје – Медицински факултет - Скопје на 20.09.2025 година и 04.11.2025 година. (*прилог предлог одлуки*)
7. Донесување на Одлука за утврдување на предлог проектот *„Употреба на 3Д-печатени анатомски реплики во едукација и клиничка пракса"* од главен истражувач проф.д-р Јулија Живадиновиќ Богдановска, за учество на Конкурсот за доделување средства за финансирање на научноистражувачки проекти од страна на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" во Скопје за 2025/2026 година.
8. Донесување на одлуки за избор на нови членови во постојните одбори, наставно-научни колегиуми, комисии и Советите на студиска програма за трет циклус на студии-докторски студии по медицина и јавно здравство по предлог на катедрите и Деканатската управа.
9. Извештаи по рецензии.

**а) *Извештај од комисија за рецензија на ракопис за:***

1. Ракописот со наслов: „Практикум по инфектологија" од авторите: проф. д-р Ирена Кондова Топузовска, проф. д-р Миле Босилковски, проф. д-р Крсто Гроздановски, проф. д-р Марија Цветановска, проф. д-р Марија Димзова, доц. д-р Илир Демири, в. н. сор. д-р Сања Петрушевска Маринковиќ, н. сор. д-р Милена Стевановиќ, н. сор. д-р Катерина Спасовска, ас. д-р Сунчица Богоева Тасевска, ас. д-р Билјана Петреска, ас. д-р Фадил Цана, ас. д-р Велимир Савевски, ас. д-р Дејан Јакимовски, ас. д-р Костадин Поповски и ас. д-р Елена Арсиќ, наменет за студентите на Стоматолошкиот факултет, Билтен на УКИМ бр. 1339 од 15.10.2025 година, стр.18-20.

***б) Извештаи од комисии за оцена на предлог-докторски проект за изработка на докторски труд по медицина од докторанди на Школата за докторски студии при УКИМ*** *(позитивните извештаи на рецензентските комисии за оценка на предлог-докторски проект за изработка на докторски труд за следните кандидати се едногласно прифатени од Советот на студиска програма од третиот циклус докторски студии) за:*

1.Д-р Андреа Нанчева Богоевска на тема: „Евалуација на перкутаната КТ водена микробранова аблација во третман на колоректални белодробни метастази“.

2. Д-р Искра Дукова на тема: „Влијание на тироидните дисфункции и тироидната автоимуност врз оваријалната резерва кај пациентки со инфертилитет“.

3. Д-р Томислав Јовановски на тема: „Споредба помеѓу модифицирана Kessler-Tsuge и класична Kessler техника за репарација на флексорни тетиви: импликации врз постоперативниот исход и раната активна мобилизација“.

***в) Извештаи од комисии за оцена на докторски дисертации по медицина од докторанди на Школата за докторски студии при УКИМ за:***

1. Д-р Александра Татабитовска на тема: „Имунолошки карактеристики на пациентите со COVID-19 инфекции и SARS CoV-2 вакцинации“, Билтен на УКИМ бр. 1339 од 15.10.2025 година, стр. 21-29.

2. Д-р Марија Нешковска Шуменковска на тема: „Клинички и епидемиолошки карактеристики на пациентите со јувенилен идиопатски артитис“, Билтен на УКИМ бр. 1339 од 15.10.2025 година, стр. 21-29.

10. Извештаи од одбори, наставно-научни колегиуми, совети и комисии

- Наставен одбор
- Совет на студиска програма за трет циклус студии по медицина
- Одбор за специјализации и субспецијализации
- Наставно-научен колегиум за јавно здравство
- Здравствен одбор
- Одбор за меѓународна соработка
- Одбор за издавачка дејност

11. Избор на демонстратори.

а) Избор на Иван Панговски за демонстратор на Катедрата за социјална медицина по предметите: Вовед во медицина, Промоција на здравје и Социјална медицина со здравствена економија, за студиска програма по општа медицина, како и на Промоција на здравје, Јавно здравство, Здравствено и социјално законодавство и Здравствен менаџмент, за студиските програми на тригодишните стручни студии за академската 2025/2026 година.

---

***Ад-1. Усвојување на записникот од XXIV редовна седница на Наставно-научниот совет одржана на ден 22.09.2025 година.***

*ННС едногласно го усвои записникот од* XXIV редовна седница на Наставно-научниот совет одржана на ден 22.09.2025 година.

---

***Ад-2. Донесување на Одлука за избор на членови во Комисија за самоевалуација на Факултетот .***

Согласно член 55 од Законот за високото образование и член 354 од Статутот на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, самоевалуацијата е законска обврска на факултетот која ја врши комисија за самоевалуација формирана од Наставно-научниот совет со тајно гласање. Комисијата брои 7 члена (5 наставници и 2 студенти).

Членовите на комисијата се избираат од редот на наставниците со мандат од три години и два члена од редот на студентите со мандат од една година, сите без право на повторен избор.

Поради истекот на мандатот на дел од членовите на Комисијата за самоевалуација, Наставно-научниот совет е потребно да избере нови членови, а останатите членови ќе останат непроменети бидејќи имаат мандат три години односно до Април 2027 година.

Во однос на промените на членовите во комисијата за самоевалуација во интерес на времето, беа направени предлог членови, но секој член на ННС можеше да даде свој предлог за член во комисијата по кој ќе се произнесат членовите на ННС.

ННС формира изборна комисија за спроведување на тајно гласање за избор на членови во Комисијата за самоевалуација на факултетот, во состав:

1. Проф.д-р Александар Станков
2. Проф.д-р Аце Додевски
3. Доц.д-р Ѓорѓи Трајковски

ННС спроведе тајно гласање за избор на членови во Комисијата за самоевалуација. Согласно Извештајот за спроведениот избор на членови во комисијата за самоевалуација на УКИМ Медицински факултет во Скопје изготвен и потпишан од комисијата за спроведување на тајно гласање кој е составен дел на овој записник. ННС ја формираше следнава Комисија за самоевалуација во променет состав и тоа:

*I. Комисија за самоевалуација на Медицинскиот факултет во променет состав:*

1. Доц.д-р Горан Павловски
2. Проф.д-р Билјана Трпковска
3. Проф.д-р Христина Манџуковска
4. Проф.д-р Јасмина Плунцевиќ Глигороска
5. Проф.д-р Лада Трајческа
6. Студент Софија Симовска
7. Студент Душица Тодороска

---------------------------------------------------------------------------------------------------------

***Ад-3. Извештај на деканот за работата на Медицинскиот факултет во Скопје во состав на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје за периодот ноември 2024 година-ноември 2025 година.***

Деканот детално ги запозна членовите на Наставно-научниот совет, за се што беше сработено во извештајниот период. Наставно-научниот совет едногласно ја донесе следнава

**О Д Л У К А**

**за усвојување на Извештај на деканот за работата на Медицинскиот факултет во Скопје**

**Член 1**

Се усвојува Извештајот на деканот за работата на Медицинскиот факултет во Скопје во состав на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј” во Скопје за периодот од 1 ноември 2024 – 1 ноември 2025 година.

**Член 2**

Извештајот на деканот за работа на Медицинскиот факултет во Скопје во состан на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј” во Скопје за периодот од 1 ноември 2024 – 1 ноември 2025 година е прилог на оваа Одлука.

**Член 3**

Оваа одлука влегува во сила со денот на донесувањето.

---------------------------------------------------------------------------------------------------------

***Ад-4. Усвојување на годишна програма за работа на Медицинскиот факултет во Скопје во состав на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје за академската 2025/2026 година.***

Деканот детално ги запозна членовите на Наставно-научниот совет, за се што се планира да се работи во периодот што следи во академската 2025/2026 година. Наставно-научниот совет едногласно ја донесе следнава

**О Д Л У К А**
**за усвојување на годишната програма за работа на Медицнскиот факултет во Скопје**

**Член 1**

Се усвојува годишната програма за работа на Медицинскиот факултет во Скопје во состав на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј” во Скопје, за период од 1 ноември 2025 година – 1 ноември 2026 година.

**Член 2**

Годишната програма за работата на Медицинскиот факултет во Скопје во состав на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј” во Скопје, за период од 1 ноември 2025 година – 1 ноември 2026 година е прилог на оваа Одлука.

**Член 3**

Оваа одлука влегува во сила со денот на донесувањето.

-----------------------------------------------------------------------------------------------------------

***Ад-5. Донесување на Одлуки за давање согласност за вршење на високообразовна дејност на факултети при УКИМ во Скопје, по дадена согласност од катедрите.***

ННС со мнозинство на гласови ги усвои Одлуките за давање согласност за вршење на високообразовна дејност на Фармацевтски факултет, Машински факултет и Факултет за електротехника и информациски технологии при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, по дадена согласност од катедрите.

-----------------------------------------------------------------------------------------------------------

***Ад-6. Донесување на Одлука за мирување на Конкурсот за избор на лица во сите наставно-научни и соработнички звања објавени од стана на Универзитет „Св. Кирил и Методиј„ во Скопје – Медицински факултет - Скопје на 20.09.2025 година.***

Република Северна Македонија донесе решение за распишување на избори за членови на советите на општините и Советот на градот Скопје и за градоначалници на општините и за градоначалник на градот Скопје („Службен весник на РСМ“ бр.167/2025 од 09.08.2025 год.).

Согласно член 8-а став 1 алинеја 4 од Изборниот законик „Од денот на донесувањето на Одлуката за распишување избори па до завршување на изборите за избор на градоначалник или членови на советот, односно до конституирањето на советот на општините и градот Скопје не може да се започне постапка за вработување на нови лица или постапка за престанок на работен однос во државни и јавни институции, а започнатите постапки се ставаат во мирување, освен во случаи на итни и неодложни работи“.

Постапката по конкурсот ќе продолжат по завршувањето на изборите за избор на градоначалник или членови на советот, односно до конституирањето на советот на општините и градот Скопје.

На ден 12.11.2025 година Државната изборна комисија донесе Заклучок за завршување на Локалните избори 2025 година, за Избор на членови на советите на општините и Совет на град Скопје и градоначалници на општините и градоначалник на град Скопје со кој објави дека Локалните избори 2025 година за избор на членови на

советите на општините и Совет на град Скопје и градоначалници на општините и градоначалник на Град Скопје, заклучно со 12.11.2025 година се завршени.

Наставно-научниот совет едногласно ја донесе следнава

**О Д Л У К А**

1. ***СЕ става во МИРУВАЊЕ*** конкурсот за избор на лица во наставно-научни и соработнички звања објавен од страна на Медицинскиот факултет во Скопје, во состав на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" во Скопје на ден 20.09.2025 година, во дневните весници: „Нова Македонија" и „Коха" и тоа за избор на:

**- 2 наставника** во сите наставно-научни звања по предметите од наставно-научните области:
• медицина на трудот (3.02.00.18)
• медицина на трудот (3.03.01.04)

**- 1 наставник** во сите наставно-научни звања по предметите од наставно-научните области:
• интерна медицина (3.02.00.01)
• геријатрија (3.02.00.15)
• клиничко-болничка и општа здравствена нега (3.03.02.01)
• ревматологија (3.02.00.08)

**- 1 наставник** во сите наставно-научни звања по предметите од наставно-научните области:
• интерна медицина (3.02.00.01)
• геријатрија (3.02.00.15)
• клиничко-болничка и општа здравствена нега (3.03.02.01)
• хематологија (3.02.00.04)

**- 4 асистенти** по предметот интерна медицина

**- 2 асистенти** по предметот физиологија

**- 1 асистент** по предметот патологија

**- 1 асистент** по предметот ортопедија

поради распишување на избори за членови на советите на општините и Советот на градот Скопје и за градоначалници на општините и за градоначалник на град Скопје согласно решение од претседателот на Собранието на Република Северна Македонија објавено во Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 167/25.

2. Медицинскиот факултет, во состав на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" во Скопје ќе ја продолжи постапката по конкурсот по завршувањето на изборите за членови на советите на оштините и Советот на градот Скопје и за градоначалници на општините и за градоначалник на градот Скопје.

3. Одлуката влегува во сила со денот на донесувањето.

**Образложение**

Медицинскиот факултет во Скопје, во состав на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" во Скопје во дневните весници „Нова Македонија" и „Коха" на ден 20.09.2025 година, согласно член 176 од Законот за високото образование („Службен весник на Република Македонија" бр. 82/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија" број 178/21 и 58/24), објави Конкурс за избор на лица во наставно-научни и соработнички звања.

Согласно член 176 став 1 од Законот за високото образование („Службен весник на Република Македонија" бр. 82/2018 и „Службен весник на Република Северна Македонија" број 178/2021 и 58/24) и член 26 став 2 од Правилникот за посебните услови и постапката за избор во наставно-научни, научни, наставно-стручни и соработнички звања и демонстратори на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" во Скопје (Универзитетски гласник број 411/18 и 426/19), одлука за распишување конкурс за лица избрани во звања донесува деканот на факултетот, односно директорот најрано седум, а најдоцна шест месеци пред истекот на времето за кое е извршен изборот во звање, што го објавува високообразовната установа во дневниот печат.

Меѓутоа, согласно член 8-а став 1 алинеја 4 од Изборниот законик, од денот на донесувањето на решението за распишување на изборите па до завршување на изборот за членови на советите на општините и Советот на градот Скопје и за градоначалници на општините и за градоначалник на град Скопје, не може да се започне постапка за вработување на нови лица или постапка за престанок на работен однос во државни и јавни институции, а веќе започнатите постапки се ставаат во мирување.

Решението за распишување на избор за членови на советите на општините и Советот на градот Скопје и за градоначалници на општините и за градоначалник на градот Скопје е донесено од претседателот на Собранието на Република Северна Македонија на ден 9.08.2025 година и влегува во сила со денот на објавувањето во Службен весник на Република Северна Македонија, а е објавено на ден 9.08.2025 година во Службен весник на Република Северна Македонија бр.167/25.

Врз основа на горенаведеното се донесе Одлука како во диспозитивот.

------------------------------------------------------------------------------------------------------------

***Ад-7. Донесување на Одлука за утврдување на предлог проектот „Употреба на 3Д-печатени анатомски реплики во едукација и клиничка пракса" од главен истражувач проф.д-р Јулија Живадиновиќ Богдановска, за учество на Конкурсот за доделување средства за финансирање на научноистражувачки проекти од страна на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" во Скопје за 2025/2026 година***.

ННС едногласно ја донесе следнава

**ОДЛУКА**

за утврдување на предлог проект за учество на Конкурсот за доделување средства за финансирање на научноистражувачки проекти за 2025/2026 година

**Член 1**

Се утврдува следниот предлог научноистражувачки проект за учество на Конкурсот за доделување средства за финансирање на научноистражувачки проекти за 2025/2026 година, распишан од Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" во Скопје:

1. Наслов на предлог проектот: **„Употреба на 3Д-печатени анатомски реплики во едукација и клиничка пракса".**

2. Носители на предлог проектот е проф.д-р Јулија Живадиновиќ Богдановска од Катедрата за анатомија.

**Член 2**

Предлог научноистражувачкиот проект од член 1 е составен дел на оваа Одлука.

**Член 3**

Оваа Одлука влегува во сила со денот на донесувањето.

---

***Ад-8. Донесување на одлуки за избор на нови членови во постојните одбори, наставно-научни колегиуми, комисии и Советите на студиска програма за трет циклус на студии-докторски студии по медицина и јавно здравство по предлог на катедрите и Деканатската управа.***

Наставно-научниот совет едногласно ги донесе следниве

**О Д Л У К А**
**за измена на Одлуката за формирање на Кадровски одбор**

**Член 1**

Се менува членот 1 од Одлуката за формирање на Кадровски одбор бр. 02-5685/9 од 18.12.2023 година и Одлуката за измена на Одлуката за формирање на Кадровскиот одбор бр. 02-5555/57 од 28.10.2024 година и новиот член гласи:

Член 1"

*Се формира Кадровски одбор во следниот состав:*

1. Проф.д-р Светозар Антовиќ, декан - претседател
2. Проф.д-р Катерина Тошевска Трајковска
3. Проф.д-р Светлана Цековска
4. Проф.д-р Аце Додевски
5. Доц.д-р Ирена Костадинова Петрова
6. Проф.д-р Јасмина Плунцевиќ Глигороска
7. Проф.д-р Жаклина Цековска
8. Проф.д-р Славица Костадинова Куновска
9. Доц.д-р Тања Маказлиева
10. Проф.д-р Ана Угринска
11. Проф.д-р Трајан Балканов
12. Проф.д-р Мери Киријас
13. Проф.д-р Бети Зафирова Ивановска
14. Проф.д-р Фимка Тозија
15. Доц.д-р Наташа Битољану
16. Проф.д-р Александар Станков
17. Проф.д-р Елизабета Стојовска Јовановска
18. Проф.д-р Бети Тодоровска
19. Проф.д-р Соња Бојаџиева
20. Проф.д-р Марија Цветановска
21. Проф.д-р Наталија Долненец Банева
22. Проф.д-р Лилјана Игњатова
23. Проф.д-р Игор Стојковски
24. Доц.д-р Силвија Дума
25. Проф.д-р Оливер Станков
26. Проф.д-р Даниела Георгиева
27. Проф.д-р Емилија Ѓошевска Даштевска

28. Проф.д-р Никола Николовски
29. Проф.д-р Ана Данева Маркова
30. Проф.д-р Андријан  Карталов
31. Проф.д-р Гордана Ристовска
32. Проф.д-р Биљана Митревска
33. Проф.д-р Татјана Макаровска Бојаџиева
34. Проф.д-р Јордан Минов
35. Проф.д-р Елена Шукарова Ангеловска
36. Проф.д-р Катарина Ставриќ
37. Проф.д-р Томислав Станковски“

Одлуката влегува во сила со денот на донесувањето.

----------------------------------------------------------------------------------------------------------

**О Д Л У К А**
**за измена на Одлуката за формирање на Наставен одбор**

**Член 1**

Се менува членот 1 од Одлуката за формирање на Наставниот одбор бр. 02-5685/10 од 18.12.2023 година и Одлуките за измена на Одлуката за форимирање на Наставниот одбор бр. 02-6404/50 од 10.12.2024 година и бр. 02-309/22 од 24.01.2025 година и новиот член гласи:

„Член 1

*Се формира Наставен одбор во следниот  состав:*

1. Проф.д-р Јулија Живадиновиќ Богдановска, продекан - претседател
2. Проф.д-р Светлана Цековска
3. Проф.д-р Ирена Костовска
4. Проф.д-р Биљана Зафирова
5. Проф.д-р Лена Какашева Маженковска
6. Проф.д-р Бети Дејанова
7. Проф.д-р Маја Јурхар Павлова
8. Проф.д-р Гордана Петрушевска
9. Проф.д-р Венјамин Мајсторов
10. Доц.д-р Невена Маневска
11. Проф.д-р Јасмина Тројачанец
12. Проф.д-р Дејан Трајков
13. Проф.д-р Ирина Павловска
14. Проф.д-р Фимка Тозија
15. Доц.д-р Наташа Битољану
16. Проф.д-р Златко Јаќовски
17. Проф.д-р Маја Јакимовска Димитровска
18. Проф.д-р Лада Трајчевска
19. Проф.д-р Илија Кировски
20. Проф.д-р Роза Џолева Толевска
21. Проф.д-р Миле Босилковски
22. Проф.д-р Драгана Петровска Цветковска
23. Проф.д-р Ненси Манушева
24. Доц.д-р Емилија Лазарева
25. Доц.д-р Христина Брешковска
26. Проф.д-р Огнен Костовски
27. Н.сор.д-р Ирина Богданова
28. Проф.д-р Габриела Копачева Барсова

29. Проф.д-р Јадранка Георгиевска
30. Проф.д-р Јасминка Нанчева
31. Проф.д-р Мирјана Димовска
32. Проф.д-р Цветанка Ѓеракароска Савевска
33. проф.д-р Емилија Велкова
34. Проф.д-р Сашо Столевски
35. Проф.д-р Александар Петличковски
36. Проф.д-р Катарина Ставриќ
37. Доц.д-р Душко Лукарски„

Одлуката влагува во сила со денот на донесувањето.

---

**О Д Л У К А**
**за измена на Одлуката за формирање на Научниот одбор**

**Член 1**

Се менува членот 1 од Одлуката за формирање на Научниот одбор бр. 02-5685/11 од 18.12.2023 и Одлуките за измена на Одлуката за формирање на Научниот одбор бр. 02-6404/52 од 10.12.2024 година и бр. 02-309/23 од 24.01.2025 година и новиот член гласи:

„*Член 1*

*Се формира Научен одбор во следниот состав:*

1. Проф.д-р Марија Вавлукис, продекан - претседател
2. Проф.д-р Катерина Тошевска Трајковска
3. Проф.д-р Ирена Костовска
4. Проф.д-р Ники Матвеева
5. Доц.д-р Ирена Костадинова Петрова
6. Проф.д-р Сања Манчевска
7. Проф.д-р Маја Јурхар Павлова
8. Проф.д-р Славица Костадинова Куновска
9. Проф.д-р Венјамин Мајсторов
10. Доц.д-р Невена Маневска
11. Проф.д-р Маја Сланинка Мицевска
12. Проф.д-р Дејан Трајков
13. Проф.д-р Весна Велиќ Стефановска
14. Проф.д-р Фимка Тозија
15. Проф.д-р Рената Јанкова
16. Проф.д-р Златко Јаќовски
17. Проф.д-р Виолета Василевска Никодиновска
18. Проф.д-р Александра Пивкова Вељановска
19. Проф.д-р Марина Крстевска Константинова
20. Проф.д-р Милан Самарџиски
21. Проф.д-р Крсто Грoздановски
22. Проф.д-р Емилија Цветковска
23. Проф.д-р Зоја Бабинкостова
24. Проф.д-р Симонида Црвенкова
25. Проф.д-р Сузана Николовска
26. Проф.д-р Лазар Тодоровиќ
27. Доц.д-р Наташа Шекеринов
28. Проф.д-р Јане Нетковски
29. Проф.д-р Сашо Стојчевски

30. Проф.д-р Билјана Кузмановска
31. Проф.д-р Игор Спироски
32. Проф.д-р Марија Гоцевска
33. Проф.д-р Татјана Макаровска Бојаџиева
34. Проф.д-р Драган Мијакоски
35. Н.сов.д-р Виолета Анастасовска
36. Проф.д-р Катарина Ставриќ
37. Проф.д-р Томислав Станковски“

Одлуката влегува во сила со денот на донесувањето.

---

**О Д Л У К А**
**за измена на Одлуката за формирање на Комисија за медицинска документација**

**Член 1**

Се менува членот 1 од Одлуката за формирање на Комисија за документација и библиотека бр. 02-5685/5 од 18.12.2023 година и Одлуката за измена на Одлуката за формирање на Комисија за медицинска документација и библиотека бр. 02-6404/45 од 10.12.2024 година и новиот член гласи:

„Член 1

*Се формира Комисија за документација и библиотека во следниот состав:*

1. Проф.д-р Магдалена Богдановска Тодоровска - претседател
2. Проф.д-р Аце Додевски
3. Проф.д-р Лена Какашева Маженковска
4. Проф.д-р Фимка Тозија
5. Проф.д-р Гоце Спасовски
6. Проф.д-р Александра Јанчевска
7. Проф.д-р Николина Тановска
8. Проф.д-р Катерина Дамевска
9. Проф.д-р Скендер Саиди“

Одлуката влегува во сила со денот на донесувањето.

---

**О Д Л У К А**
**за измена на Одлуката за формирање на Одборот за специјализации и супспецијализации**

**Член 1**

Се менува членот 1 од Одлуката за формирање на Одборот за специјализации и супспецијализации бр. 02-5685/16 од 18.12.2023 година и Одлуката за измена на Одлуката за формирање на Одборот за специјализации и супспецијализации бр. 02-6404/53 од 10.12.2024 година и новиот член гласи:

„Член 1

*Се формира Одбор за специјализации и супспецијализации во следниот состав:*

10. Проф.д-р Симон Трпески - претседател
11. Проф. д-р Ирена Костовска
12. Проф. д-р Ана Кафтанџиева
13. Проф. д-р Фимка Тозија
14. Доц.д-р Петар Јаневски
15. Проф.д-р Лидија Попоска
16. Проф.д-р Христина Манџуковска

17. Проф.д-р Марија Цветановска
18. Проф.д-р Анита Арсовска
19. Проф.д-р Славица Арсова Хаџи Анѓелковска
20. Проф.д-р Виолета Клисаровска
21. Проф.д-р Сузана Николовска
22. Доц.д-р Марко Спасов
23. Проф.д-р Роза Џолева Толевска
24. Проф.д-р Емилија Ѓошевска Даштевска
25. Проф.д-р Габриела Копачева Барсова
26. Проф.д-р Кристина Скепаровска
27. Проф.д-р Сашо Столески
28. Проф.д-р Катарина Ставриќ“

Одлуката влегува во сила со денот на донесувањето.

-----------------------------------------------------------------------------------------------------------

**О Д Л У К А**

**за измена на Одлуката за формирање на Одборот за издавачка дејност**

**Член 1**

Се менува членот 1 од Одлуката за формирање на Одборот за издавачка дејност бр. 02-5685/7 од 18.12.2023 година и Одлуката за измена на Одлуката за фомирање на Одборот за издавачка дејност бр. 02-2181/59 од 8.04.2025 година и новиот член гласи:

„Член 1

*Се формира Одбор за издавачка дејност во следниот состав:*

29. Проф.д-р Сања Манчевска - претседател
30. Проф.д-р Лена Какашева Маженковска
31. Проф.д-р Ирена Костовска
32. Проф.д-р Биљана Зафирова
33. Проф.д-р Венјамин Мајсторов
34. Проф.д-р Дејан Трајков
35. Проф.д-р Весна Велиќ Стефановска
36. Доц.д-р Викторија Белакапоска Српанова
37. Проф.д-р Фимка Тозија
38. Проф.д-р Снежана Марковиќ
39. Проф.д-р Соња Бојаџиева
40. Проф.д-р Ирена Кондова Топузовска
41. Проф.д-р Весна Гривчева Пановска
42. Проф.д-р Александра Димовска Гавриловска
43. Проф.д-р Викторија Јовановска
44. Проф.д-р Татјана Макаровска Бојаџиева
45. Проф.д-р Емилија Цветковска

Одлуката влегува во сила со денот на донесувањето.

-----------------------------------------------------------------------------------------------------------

**О Д Л У К А**

**за измена на Одлуката за формирање на Етичка комисија за истражување на луѓе**

**Член 1**

Се менува членот 1 од Одлуката за формирање на Етичка комисија за истражување на луѓе бр. 02-5685/4 од 18.12.2023 година и Одлуката за измена на Одлуката за формирање на Етичка комисија за истражување на луѓе бр. 02-2181/57 од 8.04.2025 година и новиот член гласи:

„Член 1

*Се формира Комсија за истражување на луѓе во следниот состав:*

1. Проф.д-р Димче Зафиров - претседател
2. Проф. д-р Катерина Тошевска Трајковска
3. Проф.д-р Магдалена Богдановска Тодоровска
4. Проф.д-р Даниела Поп Ѓорчева
5. Проф.д-р Бети Зафирова Ивановска
6. Проф.д-р Златко Јаќоски
7. Проф.д-р Бети Тодоровска
8. Проф.д-р Мери Трајковска
9. Проф.д-р Ѓулшен Селим
10. Проф.д-р Светлана Кочева
11. Проф.д-р Крсто Гроздановски
12. Проф.д-р Ненси Манушева
13. Проф.д-р Игор Стојковски
14. Доц.д-р Васил Папастиев
15. Проф.д-р Горан Кондов
16. Проф.д-р Шабан Мемети
17. Проф.д-р Кристина Скепаровска
18. Проф.д-р Марија Јовановски Срцева
19. Радмила Митаноска, дипл.правник со правосуден испит
20. Соња Стамболиева

**Член 2**

Одлуката влегува во сила со денот на донесувањето.

---

**О Д Л У К А**

**за измена на Одлуката за формирање на Одборот судскомедицински вештачења**

**Член 1**

Се менува членот 1 од Одлуката за формирање на Одборот за судскомедицински вештачења бр. 02-5685/3 од 18.12.2023 година и Одлуката за измена на Одлуката за формирање на Одборот за судскомедицински вештачење бр. 02-2181/58 од 8.04.2025 година и новиот член гласи:

„Член 1

*Се формира Одбор за судскомедицински вештачења во следниот состав:*

46. Проф.д-р Александар Станков - претседател
47. Доц.д-р Горан Павловски
48. Проф.д-р Златко Јаќоски
49. Проф.д-р Славица Костадинова Куновска
50. Проф.д-р Андријан Карталов
51. Проф.д-р Јорго Костов
52. Проф.д-р Мери Трајковска
53. Проф.д-р Констандина Кузевска Манева
54. Проф.д-р Марија Цветановска
55. Проф.д-р Анита Арсовска
56. Проф.д-р Гордана Китева Тренчевска
57. Проф.д-р Славица Арсова Хаџи Анѓелковска
58. Проф.д-р Антони Новотни
59. Проф.д-р Димитар Боневски
60. Доц.д-р Ѓорѓи Трајковски

61. Проф.д-р Светозар Антовиќ
62. Проф.д-р Оливер Станков
63. Проф.д-р Игор Алулоски
64. Проф.д-р Јордан Минов

Одлуката влегува во сила со денот на донесувањето.

---

**О Д Л У К А**

**за измена на Одлуката за формирање на Совет на студиска програма за трет циклус на студии-докторски студии по јавно здравство**

**Член 1**

Се менува членот 1 од Одлуката за формирање на Совет на студиска програма за трет циклус на студии-докторски студии по јавно здравство бр. 02-4227/100 од 3.10.2022 година и Одлуките за измена на Одлуката за формирање на Советот на студиска програма за трет циклус на студии – докторски студии по јавно здравство бр. 02-5326/64 од 17.11.2022 година и бр. 02-6404/48 од 10.12.2024 година и новиот член гласи:

„Член 1

*Се формира Совет на студиска програма за трет циклус на студии-докторски студии по јавно здравство во следниот состав:*

1. Проф.д-р Весна Велиќ Стефановска
2. Проф.д-р Бети Зафирова Ивановска
3. Проф.д-р Гордана Ристовска
4. Проф.д-р Мирјана Димовска
5. Проф.д-р Драган Мијакоски
6. Проф.д-р Јордан Минов
7. Проф.д-р Бети Тодоровска
8. Проф.д-р Фимка Тозија“

Одлуката влегува во сила со денот на донесувањето.

---

**О Д Л У К А**

**за измена на Одлуката за формирање на Совет на студиска програма за трет циклус на студии-докторски студии по медицина**

**Член 1**

Се менува членот 1 од Одлуката за формирање на Совет на студиска програма за трет циклус на студии-докторски студии по медицина број 02-2149/96 од 19.10.2022 и Одлуките за измена на Одлуката за формирање на Совет на студиска програма за трет циклус на студии-докторски студии по медицина 02-5685/17 од 18.12.2023 година и бр. 02-6404/44 од 10.12.2024 година и новиот член гласи:

„Член 1

*Се формира Совет на студиска програма за трет циклус на студии-докторски студии по медицина во следниот состав:*

1. Проф. д-р Марија Вавлукис - претседател
2. Проф. д-р Катерина Тошеска Трајковска
3. Проф. д-р Светлана Цековска
4. Проф. д-р Биљана Зафирова
5. Проф. д-р Лена Какашева Маженковска

6. Проф. д-р Јасмина Плунцевиќ Глигороска
7. Проф. д-р Ана Кафтанџиева
8. Проф. д-р Гордана Петрушевска
9. Проф. д-р Ана Угринска
10. Проф. д-р Круме Јаќовски
11. Проф. д-р Александар Петличковски
12. Проф. д-р Весна Велиќ Стефановска
13. Проф. д-р Фимка Тозија
14. Проф. д-р Александар Станков
15. Проф. д-р Маја Јакимовска Димитровска
16. Проф. д-р Констандина Кузевска Манева
17. Проф. д-р Марија Цветановска
18. Проф. д-р Анита Арсовска
19. Доц. д-р Ана Филипче
20. Проф. д-р Виолета Клисаровска
21. Проф. д-р Весна Гривчева Пановска
22. Проф. д-р Горан Кондов
23. Проф. д-р Зоран Божиновски
24. Проф. д-р Емилија Ѓошевска Даштевска
25. Проф. д-р Јане Нетковски
26. Проф. д-р Ана Данева Маркова
27. Проф. д-р Билјана Кузмановска
28. Проф. д-р Гордана Ристовска
29. Проф.д-р Валентина Коевска
30. Проф. д-р Татјана Макаровска Бојаџиева
31. Проф. д-р Јордан Минов
32. Проф. д-р Дејан Трајков
33. Проф. д-р Катарина Ставриќ
34. Проф. д-р Томислав Станковски
35. Проф.д-р Елизабета Србиновска Костовска“

Одлуката влегува во сила со денот на донесувањето.

---

***Ад-9. Извештаи по рецензии***

**а)** ***ННС едногласно го усвои извештајот од комисијата за рецензија на ракопис на:***

1. Ракописот со наслов: „Практикум по инфектологија“ од авторите: проф. д-р Ирена Кондова Топузовска, проф. д-р Миле Босилковски, проф. д-р Крсто Грoздановски, проф. д-р Марија Цветановска, проф. д-р Марија Димзова, доц. д-р Илир Демири, в. н. сор. д-р Сања Петрушевска Маринковиќ, н. сор. д-р Милена Стевановиќ, н. сор. д-р Катерина Спасовска, ас. д-р Сунчица Богоева Тасевска, ас. д-р Билјана Петреска, ас. д-р Фадил Цана, ас. д-р Велимир Савевски, ас. д-р Дејан Јакимовски, ас. д-р Костадин Поповски и ас. д-р Елена Арсиќ, наменет за студентите на Стоматолошкиот факултет.

**б)** ***ННС едногласо ги усвои извештаите од комисиите за оцена на предлог-докторски проект за изработка на докторски труд по медицина од докторанди на Школата за докторски студии при УКИМ*** *за:*

1.Д-р Андреа Нанчева Богоевска на тема: „Евалуација на перкутаната КТ водена микробранова аблација во третман на колоректални белодробни метастази“.

2. Д-р Искра Дукова на тема: „Влијание на тироидните дисфункции и тироидната автоимуност врз оваријалната резерва кај пациентки со инфертилитет“.

3. Д-р Томислав Јовановски на тема: „Споредба помеѓу модифицирана Kessler-Tsuge и класична Kessler техника за репарација на флексорни тетиви: импликации врз постоперативниот исход и раната активна мобилизација“.

**в) *ННС едногласно ги усвои извештаите од комисиите за оцена на докторски дисертации по медицина од докторанди на Школата за докторски студии при УКИМ за:***

1. Д-р Александра Татабитовска на тема: „Имунолошки карактеристики на пациентите со COVID-19 инфекции и SARS CoV-2 вакцинации“, Билтен на УКИМ бр. 1339 од 15.10.2025 година.

2. Д-р Марија Нешковска Шуменковска на тема: „Клинички и епидемиолошки карактеристики на пациентите со јувенилен идиопатски артитис“, Билтен на УКИМ бр. 1339 од 15.10.2025 година.

---------------------------------------------------------------------------------------------------------------

**Наставен одбор**

Наставниот одбор на Наставно - научниот совет на Медицинскиот факултет во Скопје, одржал седница на ден 8.10 .2025 година, со следниов дневен ред:

1. Известувања
2. Разно

Членовите на наставниот одбор беа запознаени со барањето од студентите за казнена сесија. Сите присутни членови се изјаснија дека се против казнена сесија.

Се дискутираше за успешноста на активностите кои ги реализираат студентските организации на ниво на меѓународна соработка. Едногласно беше донесена одлука студентите од сите студентски организации на Факултетот, кои учествуваат во овие активности, во периодот кога се на размена и во периодот кога кај нив престојуваат студенти од други земји, да бидат ослободени од присуство на теоретска настава. За присуството на практична настава секоја катедра да се изјасни кога ќе има потреба, дали ќе ги ослободи или ќе ги задолжи со колоквирање, одработување или некој груг вид активност.

Беа споделени информации во врска со реакредитациите на студиските програми, кои се во тек: шестгодишни академски студии од интргриран прв и втор циклус за општа медицина и тригодишни стручни студии за акушерство

Претставникот од Катедрата за Микробиологија со паразитологија, проф. д-р Маја Јурхар Павлова, изнесе барање од Катедрата (кое беше доставено и во писмена форма) за задржување на предметот Клиничка микробиологија во новата акредитација (реакредитација) во 6. Студиска година. Предлогот не беше прифатен од членовите на наставниот одбор.

Наставниот одбор на Наставно - научниот совет на Медицинскиот факултет во Скопје, одржа седница на ден 10.11.2025 година, со следниов дневен ред:

1. Разгледување и усвојување на Елаборат за реакредитација на студиската програма од прв и втор инегриран циклус шестгодишни студии за општа медицина
2. Разгледување и усвојување на Елаборат за реакредитација на студиската програма од прв циклус тригодишни стручни студии за акушерство
3. Разгледување и усвојување на програми за образование на возрасни
    a. Палијативна негувателка за изнемоштени лица
    b. Негувателка за стари и немоќни лица

    c. Асистент за нега на лица со Алцхајмерова болест
    d. Асистент за нега на лица со мултипла склероза
4. Разгледување предлог-теми и предлог - комисии за одбрана на дипломски работи за студентите од академските студии по логопедија
5. Усвојување на записникот од Комисијата за првиот и вториот интерен оглас за избор на стручњаци од практика од соодветната област за одржување на практична настава за студиските програми за тригодишните стручни студии на Медицинскиот факултет во Скопје
6. Разно

На состанокот беа присутни 25 члена на Наставниот одбор и една замена.

1. Разгледување и усвојување на Елаборат за реакредитација на студиската програма од прв и втор инегриран циклус шестгодишни студии за општа медицина (во прилог)

Членовите на наставниот одбор беа информирани дека корекциите во однос на предметните програми, кои воглавно се однесуваа на прераспределба на часови и тематски единици, а беа договорени со раководителите на соодветните катедри, се внесени во Елаборатоот што ќе биде доставен до членовите на ННС.
Претставникот од Катедрата за Микробиологија со паразитологија, проф. д-р Маја Јурхар Павлова, изнесе барање од Катедрата (кое беше доставено и во писмена форма) за задржување на предметот Клиничка микробиологија во новата акредитација (реакредитација) во 6. студиска година. Предлогот не беше прифатен од членовите на наставниот одбор.

1. Проф.д-р Ирена Кондова Топузовска
2. Проф.д-р Марија Цветановска
3. Проф.д-р Марија Димзова

**- 1 асистент** по предметот медицина на трудот

***ННС формира комисија во состав:***

1. Проф.д-р Јордан Минов
2. Проф.д-р Драган Мијакоски
3. Проф.д-р Сашо Столески

**- 1 асистент** по предметот имунологија

***ННС формира комисија во состав:***

1. Проф.д-р Мери Киријас
2. Проф.д-р Дејан Трајков
3. Проф.д-р Анита Христова Димчева

**- 1 асистент** по предметот микробиологија со паразитологија

*ННС формира комисија во состав:*

1. Проф.д-р Ана Кафтанџиева
2. В.н.сор.д-р Лилјана Лабачевска Ѓатовска
3. Н.сор.д-р Марко Костовски

**- 1 асистент** по предметот медицинска физика

*ННС формира комисија во состав:*

1. Проф.д-р Томислав Станковски
2. Доц.д-р Душко Лукарски
3. Проф.д-р Венјамин Мајсторов

❖ **За конкурс објавен на 16.08.2025 година во дневните весници „Нова Македонија“ и „Коха“ од Медицински факултет во Скопје за избор на:**

**- 2 наставника** во сите наставно-научни звања по предметите од наставно-научната област

• гинекологија и акушерство (3.02.00.24)

*ННС формира комисија во состав:*

1. Проф.д-р Горан Димитров
2. Проф.д-р Глигор Тофоски
3. Проф.д-р Славејко Сапунов

**- 1 наставник** во сите наставно-научни звања по предметите од наставно-научната област

• радиологија (3.02.00.22)

*ННС формира комисија во состав:*

1. Проф.д-р Елизабета Стојовска Јовановска
2. Проф.д-р Климе Ѓорески
3. Проф.д-р Јулија Живадиновиќ Богдановска

**- 1 наставник** во сите наставно-научни звања по предметите од наставно-научната област

• микробиологија со паразитологија (3.01.00.07)

*ННС формира комисија во состав:*

1. Проф.д-р Гордана Јанкоска
2. Проф.д-р Елена Трајковска Докиќ
3. Проф.д-р Миле Босилковски

**- 1 лице** во сите научни звања по предметите од научните области:

• хирургија (3.02.00.27)
• клиничко-болничка и општа здравствена нега (3.03.02.01)
• урологија (3.02.00.31)

*ННС формира комисија во состав:*

1. Проф.д-р Оливер Станков
2. Проф.д-р Скендер Саиди
3. Проф.д-р Лазар Тодоровиќ

**- 1 лице** во сите научни звања по предметите од научните области:

• фармакологија (3.01.00.06)
• клиничка фармакологија и токсикологија (3.02.00.20)

*ННС формира комисија во состав:*

1. Проф.д-р Трајан Балканов
2. Проф.д-р Димче Зафиров
3. Н.сов.д-р Емилија Атанасовска

**- 1 лице** во сите научни звања по предметите од научните области:
• психијатрија (3.02.00.38)
• медицинска психологија (3.02.00.39)

*ННС формира комисија во состав:*

1. Проф.д-р Славица Арсова Хаџи-Анѓелковска
2. Проф.д-р Димитар Боневски
3. Проф.д-р Антони Новотни

**- 2 лица** во насловно звање по предметите од наставно-научната област
• офталмологија (3.02.00.26)

*ННС формира комисија во состав:*

1. Проф.д-р Емилија Ѓошевска Даштевска
2. Проф.д-р Страхил Газепов
3. Проф.д-р Владимир Рендевски

**- 1 лице** во насловно звање по предметите од наставно-научните области:
• интерна медицина (3.02.00.01)
• геријатрија (3.02.00.15)
• клиничко-болничка и општа здравствена нега (3.03.02.01)
• нефрологија (3.02.00.07)

*ННС формира комисија во состав:*

1. Проф.д-р Билјана Герасимовска Китановска
2. Проф.д-р Ирена Рамбабова Бушљетиќ
3. Проф.д-р Лада Трајческа
4. Проф.д-р Светлана Крстевска Балканов
5. Проф.д-р Дафина Николова

❖ **За конкурс објавен на 20.09.2025 година во дневните весници „Нова Македонија" и „Коха" од Медицински факултет во Скопје за избор на:**

**- 2 наставника** во сите наставно-научни звања по предметите од наставно-научните области:
• медицина на трудот (3.02.00.18)
• медицина на трудот (3.03.01.04)

*ННС формира комисија во состав:*

1. Проф.д-р Јордан Минов
2. Проф.д-р Јованка Караџинска Бислимовска
3. Проф.д-р Елисавета Стикова

**- 1 наставник** во сите наставно-научни звања по предметите од наставно-научните области:
• интерна медицина (3.02.00.01)
• геријатрија (3.02.00.15)

• клиничко-болничка и општа здравствена нега (3.03.02.01)
• ревматологија (3.02.00.08)

*ННС формира комисија во состав:*

1. Проф.д-р Мане Грличков
2. Проф.д-р Јордан Чаловски
3. Проф.д-р Ирена Кафеџиска
4. Проф.д-р Андон Чибишев
5. Проф.д-р Марија Вавлукис

**- 1 наставник** во сите наставно-научни звања по предметите од наставно-научните области:

• интерна медицина (3.02.00.01)
• геријатрија (3.02.00.15)
• клиничко-болничка и општа здравствена нега (3.03.02.01)
• хематологија (3.02.00.04)

*ННС формира комисија во состав:*

1. Проф.д-р Соња Генадиева Ставриќ
2. Проф.д-р Ирина Пановска Ставридис
3. Проф.д-р Злате Стојаноски
4. Проф.д-р Деска Димитриевска
5. Проф.д-р Жанина Переска

**- 4 асистенти** по предметот интерна медицина

*ННС формира комисија во состав:*

1. Проф.д-р Антонио Георгиев
2. Доц.д-р Филип Гучев
3. Доц.д-р Дејан Тодевски

**- 2 асистенти** по предметот физиологија

*ННС формира комисија во состав:*

1. Проф.д-р Лидија Тодоровска
2. Проф.д-р Бети Дејанова
3. Проф.д-р Јасмина Плунцевиќ Глигороска

**- 1 асистент** по предметот патологија

*ННС формира комисија во состав:*

1. Проф.д-р Славица Костадинова Куновска
2. Проф.д-р Рубенс Јовановиќ
3. Проф.д-р Магдалена Богдановска Тодоровска

**- 1 асистент** по предметот ортопедија

*ННС формира комисија во состав:*

1. Проф.д-р Зоран Божиновски
2. Проф.д-р Даниела Георгиева
3. Доц.д-р Александар Савески

❖ **За конкурс објавен на 04.11.2025 година во дневните весници „Нова Македонија“ и „Коха“ од Медицински факултет во Скопје за избор на:**

**- 1 наставник** во сите наставно-научни звања по предметите од наставно-научните области:

• хирургија  (3.02.00.27)
• клиничко-болничка и општа здравствена нега  (3.03.02.01)
• кардиохирургија  (3.02.00.40)

***ННС формира комисија во состав:***

1. Проф.д-р Хрвоје Гашпаровиќ
2. Проф.д-р Нермир Гранов
3. Проф.д-р Светозар Антовиќ

**- 1  лице** во сите научни звања по предметите од научните области:

• хирургија  (3.02.00.27)
• клиничко-болничка и општа здравствена нега  (3.03.02.01)
• пластична хирургија  (3.02.00.33)

***ННС формира комисија во состав:***

1. Проф.д-р Елизабета Жоговска
2. Проф.д-р Смиља Туџарова Ѓоргова
3. Проф.д-р Игор Пеев

**- 1  наставник** во сите наставно-научни звања по предметите од наставно-научните области:

• медицинска физика  (3.01.00.10)

***ННС формира комисија во состав:***

1. Проф.д-р Томислав Станковски
2. Проф.д-р Христина Спасевска
3. Проф.д-р Венјамин Мајсторов

**- 2  наставника** во сите наставно-научни звања по предметите од наставно-научните области:

• патолошка физиологија  (3.01.00.04)
• нуклеарна медицина  (3.02.00.21)

***ННС формира комисија во состав:***

1. Проф.д-р Венјамин Мајсторов
2. Проф.д-р Даниела Поп Ѓорчева
3. Проф.д-р Синиша Стојаноски

**- 1  наставник** во сите наставно-научни звања по предметите од наставно-научните области:

• интерна медицина  (3.02.00.01)
• геријатрија  (3.02.00.15)
• клиничко-болничка и општа здравствена нега  (3.03.02.01)
• хепато-гастро-ентерологија (3.02.00.05)

***ННС формира комисија во состав:***

1. Проф.д-р Ненад Јоксимовиќ
2. Проф.д-р Магдалена Генадиева Димитрова
3. Проф.д-р Калина Гривчева Старделова
4. Проф.д-р Александра Пивкова Вељановска
5. Проф.д-р Јорго Костов

**- 1  лице** во сите научни звања по предметите од научните области:

• интерна медицина  (3.02.00.01)

• геријатрија  (3.02.00.15)
• клиничко-болничка и општа здравствена нега  (3.03.02.01)
• хепато-гастро-ентерологија (3.02.00.05)

***ННС формира комисија во состав:***

1. Проф.д-р Мери Трајковска
2. Проф.д-р Ѓорѓи Дерибан
3. Проф.д-р Владимир Андреевски
4. Проф.д-р Оливер Калпак
5. Проф.д-р Сава Пејковска

**- 1  наставник** во сите наставно-научни звања по предметите од наставно-научните области:

• интерна медицина  (3.02.00.01)
• геријатрија  (3.02.00.15)
• клиничко-болничка и општа здравствена нега  (3.03.02.01)
• ендокринологија и заболување на метаболизмот  (3.02.00.03)

***ННС формира комисија во состав:***

1. Проф.д-р Татјана Миленковиќ
2. Проф.д-р Саша Јовановска Мишевска
3. Проф.д-р Искра Битоска Милева
4. Проф.д-р Бети Тодоровска
5. Проф.д-р Павлина Џекова Видимлиски

**- 1  лице** во сите научни звања по предметите од научните области:

• интерна медицина  (3.02.00.01)
• геријатрија  (3.02.00.15)
• клиничко-болничка и општа здравствена нега  (3.03.02.01)
• кардиологија (3.02.00.02)

***ННС формира комисија во состав:***

1. Проф.д-р Елизабета Србиновска Костовска
2. Проф.д-р Маријан Бошевски
3. Проф.д-р Христо Пејков
4. Проф.д-р Нико Беќаровски
5. Проф.д-р Дејан Спасовски

**- 2  асистенти** по предметот интерна медицина

***ННС формира комисија во состав:***

1. Проф.д-р Димитар Каркински
2. Доц.д-р Емилија Секулоска
3. Доц.д-р Билјана Зафировска Талеска

**- 1  асистент** по предметот трансфузиологија

***ННС формирање комисија во состав:***

1. Проф.д-р Татјана Макаровска Бојаџиева
2. Проф.д-р Емилија Велкова
3. Н.сор.д-р Виолета Дејанова Илијевска

**- 1  асистент** по предметот социјална медицина

***ННС формира комисија во состав:***

1. Проф.д-р Фимка Тозија
2. Проф.д-р Моме Спасовски
3. Проф.д-р Елена Ќосевска

Записничар
Дипл.прав. Радмила Митаноска, с.р.

Д е к а н
Проф.д-р Светозар Антовиќ, с.р.

**Точка 3 . Прилог рецензентски комисии**

***1. Предлагање на рецензентски комисии по распишаниот конкурс од факултетот за избор на лица во сите наставно-научни, научни и соработнички звања, а по предлог од катедрите.***

❖ **За конкурсот објавен на 01.12.2025 година во дневните весници „Нова Македонија" и „Коха" од Медицински факултет во Скопје за избор на:**

**- 1 наставник** во сите наставно-научни звања по предметите од наставно-научните области:

• психијатрија (3.02.00.38)
• медицинска психологија (3.02.00.39)

1. Проф.д-р Славица Арсова Хаџи-Анѓелковска
2. Проф.д-р Антони Новотни
3. Проф.д-р Елизабет Мицева Величкоска

**Пријавени кандидати:** доц.д-р Ана Филипче

**- 1 наставник** во сите наставно-научни звања по предметите од наставно-научните области:

• хирургија (3.02.00.27)
• клиничко-болничка и општа здравствена нега (3.03.02.01)
• пластична хирургија (3.02.00.33)

1. Проф.д-р Смиља Туџарова Ѓоргова
2. Проф.д-р Елизабета Жоговска
3. Проф.д-р Игор Пеев

**Пријавени кандидати:** доц.д-р Софија Пејкова

**- 3 наставника** во сите наставно-научни звања по предметите од наставно-научната област

• гинекологија и акушерство (3.02.00.24)

1. Проф.д-р Игор Алулоски
2. Проф.д-р Ирена Алексиоска Папестиев
3. Проф.д-р Кристина Скепаровска

**Пријавени кандидати:** доц.д-р Даниела Иванова Панова, доц.д-р Маја Пејковска Илиева, доц.д-р Миле Тантуровски.

**- 1 лице** во сите научни звања по предметите од научната област

• гинекологија и акушерство (3.02.00.24)

1. Проф.д-р Игор Алулоски
2. Проф.д-р Ирена Алексиоска Папестиев
3. Проф.д-р Кристина Скепаровска

**Пријавени кандидати:** н.сор.д-р Александра Атансова Бошку.

**- 1 наставник** во сите наставно-научни звања по предметите од наставно-научната област

• неврологија (3.02.00.11)

1. Проф.д-р Анита Арсовска
2. Проф.д-р Игор Петров
3. Проф.д-р Емилија Цветковска
4. Проф.д-р Драгана Петровска Цветковска
5. Проф.д-р Иван Барбов

**Пријавени кандидати:** доц.д-р Габриела Новотни.

**- 1 лице** во сите научни звања по предметите од научната област

• неврологија (3.02.00.11)

1. Проф.д-р Гордана Китева Тренчевска
2. Проф.д-р Игор Петров
3. Проф.д-р Анита Арсовска
4. Проф.д-р Емилија Цветковска
5. Проф.д-р Николина Тановска

**Пријавени кандидати:** н.сор.д-р Бојан Бошковски.

**- 2 наставника** во сите наставно-научни звања по предметите од наставно-научната област

• дерматовенерологија (3.02.00.10)

1. Проф.д-р Сузана Николовска
2. Проф.д-р Александар Анчевски
3. Проф.д-р Андреј Петров
4. Проф.д-р Гоце Спасовски
5. Проф.д-р Катарина Ставриќ

**Пријавени кандидати:** доц.д-р Силвија Дума, доц.д-р Христина Брешковска.

**- 1 наставник** во сите наставно-научни звања по предметите од наставно-научните области:

• интерна медицина (3.02.00.01)
• геријатрија (3.02.00.15)
• клиничко-болничка и општа здравствена нега (3.03.02.01)
• ревматологија (3.02.00.08)

1. Проф.д-р Дејан Спасовски
2. Проф.д-р Мане Грличков
3. Проф.д-р Ирена Кафеџиска
4. Проф.д-р Маријан Бошевски
5. Проф.д-р Калина Гривчева Старделова

**Пријавени кандидати:** доц.д-р Емилија Секулоска.

**- 1 лице** во сите научни звања по предметите од научните области:

• интерна медицина (3.02.00.01)
• геријатрија (3.02.00.15)
• клиничко-болничка и општа здравствена нега (3.03.02.01)
• нефрологија (3.02.00.07)

1. Проф.д-р Гоце Спасовски
2. Проф.д-р Павлина Џекова Видимлиски
3. В.н.сор.д-р Галина Северова Андреевска
4. Проф.д-р Лидија Петковска
5. Проф.д-р Сава Пејковска

**Пријавени кандидати:** н.сор.д-р Владимир Пушевски.

**- 1 наставник** во сите наставно-научни звања по предметите од наставно-научната област

- педијатрија (3.02.00.14)

1. Проф.д-р Светлана Кочева
2. Проф.д-р Аспазија Софијанова
3. Проф.д-р Соња Бојаџиева
4. Проф.д-р Татјана Јаќовска
5. Проф.д-р Илија Кировски

**Пријавени кандидати:** доц.д-р Валентина Цвејоска Чолаковска

**- 1 наставник** во сите наставно-научни звања по предметите од наставно-научната област

- радиологија (3.02.00.22)

1. Проф.д-р Билјана Пргова Велјанова
2. Проф.д-р Климе Ѓорески
3. Проф.д-р Јулија Живадиновиќ Богдановска

**Пријавени кандидати:** доц.д-р Смиљана Бундовска Коцев.

**- 1 асистент** по предметот физиологија

1. Проф.д-р Сања Манчевска
2. Проф.д-р Бети Дејанова
3. Проф.д-р Јасмина Плунцевиќ Глигороска

**Пријавени кандидати:** ас.д-р Вангел Ристовски

Tабела 1

**АНГАЖИРАЊЕ НА НАСТАВНИЦИ ВО УЧЕБНАТА 2025/2026 ГОДИНА НА ДРУГИ ФАКУЛТЕТИ ВО РАМКИТЕ НА УКИМ**

| ред .бр. | **предмет** | **Ангажман на факултетите во рамките на УКИМ** | **Наставник** |
|---|---|---|---|
| 1 | ***Биохемиски маркери и анализи со специфична клиничка примена, изборен предмет, за акредитација*** на студиска програма фармација од трет циклус на студии за 5 академски години од 2026/2027, 2027/2028, 2028/2029, 2029/2030, и 2030/2031. | Фармацевтски факултет-Скопје | н.сор.д-р Александра Атанасова Бошку |
| | | | |

# РЕЦЕНЗИИ
# ЗА ОЦЕНА НА ПРЕДЛОГ-ДОКТОРСКИ ПРОЕКТ ЗА ИЗРАБОТКА НА ДОКТОРСКИ ТРУД ПО МЕДИЦИНА ОД ДОКТОРАНТИ НА ШКОЛАТА ЗА ДОКТОРСКИ СТУДИИ ПРИ УКИМ

**До**
**Наставно-научен совет**
**на Медицински факултет,**
**Универзитет ,,Св. Кирил и Методиј",**
**Скопје**

Врз основа на член 73 од Статутот на Медицински факултет во Скопје во состав на Универзитетот ,,Св. Кирил и Методиј" во Скопје (Универзитетски гласник број 458/2019 и број 458-Анекс/2021), член 275 од Статутот на Универзитетот ,,Св. Кирил и Методиј" во Скопје (бр. 425 од 28.06.2019) и член 52 став 1 и став 2 од Правилникот за условите, критериумите и правилата за запишување и студирање на трет циклус академски студии-докторски студии на Универзитетот ,,Св. Кирил и Методиј" во Скопје (Универзитетски гласник бр. 530/2020), на предлог од Советот на трет циклус-докторски студии по медицина, Наставно-научниот совет на својата **XXV** редовна седница, одржана на ден **17.11.2025**, донесе Одлука за формирање на комисија за оцена на пријавена тема со предлог-докторски проект за изработка на докторски труд од науч. сор. д-р Марко Костовски со наслов:

**„Компарација на стандардни методи за идентификација и одредување на осетливоста кон антимикробни средства на патогените микроорганизми од уринокултура со автоматизирани методи и MALDI-TOF“** во состав:

1. Виш науч. сор. д-р Лилјана Лабачевска Ѓатовска (ментор)
2. Проф. д-р Жаклина Цековска (член)
3. Проф. д-р Гордана Јанкоска (член)

Рецензентската комисија го разгледа доставениот материјал и го поднесува следниов

И З В Е Ш Т А Ј

## Мислење за предложената тема со предлог-докторски проект

Пријавената тема со предлог-докторски проект за изработка на докторска дисертација под наслов „Компарација на стандардни методи за идентификација и одредување на осетливоста кон антимикробни средства на патогените микроорганизми од уринокултура со автоматизирани методи и MALDI-TOF “ е разработена на детален, јасен и структуриран начин низ повеќе тематски целини кои се логично поврзани и следливи. Текстот содржи сите суштински елементи на еден научно-истражувачки проект: вовед, мотив, цели на истражувањето,

преглед на литература, материјал и методи, очекувани резултати и соодветно цитирана литература. Составен дел на текстот е и апстракт на македонски и англиски јазик. Компјутерски е обработен во фонт Times New Roman, големина на букви 12 pt, со 1.0 проред, а деловите во текстот се систематизирани во логичка последователност со јасни поднаслови, што овозможува непречено следење на материјата и разбирање на истражувачкиот фокус.

Во воведниот дел кандидатот се осврнува на глобалното значење на инфекциите на уринарниот тракт (ИУТ) како едни од најчестите бактериски инфекции во хуманата популација, нагласувајќи ја нивната висока инциденца и значајно оптоварување врз здравствените системи во светски рамки. Посебно се истакнуваат податоците од епидемиолошките студии кои потврдуваат дека оваа проблематика претставува јавно-здравствен предизвик од траен карактер. Во текстот се наведува дека и покрај богатата литература, постојат ограничувања во податоците, особено за земјите во развој, што ја потенцира потребата од понатамошни компаративни и репрезентативни истражувања. Соодветно се презентирани и епидемиолошките трендови во зависност од полот, возраста и присуството на ризик фактори, при што се укажува дека инфекциите на уринарниот тракт се најзастапени кај женската популација, особено во репродуктивниот период и во повозрасните возрасни групи.

Во делот посветен на микробиолошките етиолошки причинители, авторот изработил систематизиран преглед на најчестите уропатогени бактерии. Понатаму, во текстот е даден и осврт на вирусните, габичните и паразитските причинители, што претставува ретко детално разработен аспект во вакви студии и го збогатува опсегот на изнесените податоци што говори за добро разбирање на комплексноста на микробиолошкиот спектар на уринарните инфекции.

Поглавјето за патогенеза на инфекциите ги презентира молекуларните механизми на настанување на инфекцијата. Детално се прикажани интеракциите помеѓу микроорганизмите и домаќинот, со акцент на адхезијата, формирањето на биофилм, интрацелуларните бактериски заедници и механизмите за избегнување на имунолошката одбрана.

Делот за дијагностика на инфекциите на уринарниот тракт е конципиран во согласност со современите насоки и ги опфаќа сите клучни лабораториски и клинички елементи за поставување на дијагнозата. Нагласено е дека уринокултурата и микробиолошката идентификација на патогенот претставуваат златен стандард, а истовремено се дискутира и потребата од интегрирање на клиничките параметри и антимикробната чувствителност при дијагностичкиот пристап.

Во вториот дел од трудот кандидатот го презентира мотивот за спроведување на истражувањето, кој е јасно дефиниран, стручно аргументиран и со силна јавно-здравствена и клиничка оправданост. Во мотивот се согледува и актуелниот проблем со антимикробната резистенција, кој претставува еден од најголемите предизвици на современата медицина. Со тоа, кандидатот го поставува истражувањето во контекст на глобалните приоритети во јавното здравство и ја оправдува потребата од локален микробиолошки мониторинг во

Република Северна Македонија. Понатаму, во мотивот е нагласено дека резултатите од истражувањето можат да послужат како основа за креирање на национални водичи и протоколи за рационална употреба на антимикробни средства, што претставува значаен придонес не само за лабораториската и клиничката пракса, туку и за здравствениот систем во целина.

Во третиот дел од трудот кандидатот ги дефинира работните хипотези и целите на истражувањето, кои се јасно структурирани, логички поврзани и научно оправдани. Хипотезите се формулирани концизно и ја одразуваат суштината на проблемот кој се истражува, а истовремено претставуваат реална основа за проверка на поставените научни претпоставки. Првата хипотеза е релевантна и ја нагласува варијабилноста на резистентноста во зависност од групата антибиотици, што е суштинска компонента во секоја анализа на антимикробна осетливост. Втората хипотеза, која се однесува на употребата на автоматизираниот систем VITEK-2, претставува современ пристап и демонстрира тенденција кон примена на нови технологии во микробиолошката дијагностика. Со тоа кандидатот ја потврдува ориентацијата на студијата кон практична примена и унапредување на дијагностичките процеси. Третата и четвртата хипотеза се насочени кон споредбена анализа на резултатите меѓу различни методи и типови бактерии, што овозможува објективна процена на ефективноста и компатибилноста на испитуваните методологии. Петтата хипотеза покажува дека кандидатот посветува внимание и на преаналитичкиот сегмент – правилно собирање и обработка на примероците, што е клучен предуслов за валидност на резултатите. Ова укажува на сеопфатен пристап кон истражувањето, кој ги опфаќа сите фази на микробиолошкиот процес.

Во делот со целите, кандидатот ги дели на примарни и секундарни, што претставува систематичен и методолошки исправен пристап. Примарните цели се јасно насочени кон идентификација на изолатите и одредување на нивната антимикробна осетливост со користење на класични и автоматизирани методи — суштински елементи на секое микробиолошко истражување. Секундарните цели, пак, ја прошируваат научната димензија на студијата преку компаративна анализа на патогените од различни клинички групи (амбулантски и хоспитализирани пациенти), како и преку процена на дијагностичката и практичната вредност на VITEK-2 системот. Особено е значајно вклучувањето на целта поврзана со процена на бактериолошкиот оптоварување (CFU/ml) и неговата дијагностичка вредност, што внесува дополнителна аналитичка длабочина. Целината на делот укажува дека кандидатот има јасна визија за структурата и насоката на истражувањето, со добро формулирани, мерливи и остварливи цели. Формулацијата на хипотезите и целите е во согласност со современите научно-истражувачки принципи и обезбедува цврста основа за реализација на понатамошните делови на трудот. Целите на истражувањето се научно валидни и функционално поврзани со мотивот и предметот на истражувањето. Кандидатот демонстрира добро разбирање на истражувачката логика и поставува стабилна рамка за понатамошна методолошка разработка.

Во делот „Материјал и методи“ кандидатот демонстрира висок степен на систематичност и лабораториска прецизност, со јасно разграничување на сите компоненти што ќе се користат во истражувањето. Текстот е структуриран логично, со претставување прво на материјалите, а потоа и на методите, што овозможува транспарентен и хронолошки преглед на истражувачкиот процес. Табеларниот приказ на реагенсите и материјалите дополнително ја зголемува прегледноста и практичната вредност на текстот. Согласно наведеното, кандидатот демонстрира систематски и прецизен пристап во согласност со меѓународно прифатените стандарди на клиничката микробиологија, со детална карактеризација на примероците, хранителните подлоги и антибиотските дискови, што ја нагласува методолошката строгост, репродуктивноста и валидноста на предложената методологија.

Методолошкиот дел од трудот претставува солидно изработен, детален и научно поткрепен опис на целокупниот истражувачки процес, со јасно дефинирана логичка структура која обезбедува високо ниво на транспарентност, репродуктивност и стандардизација на истражувањето. Авторот демонстрира длабока запознаеност со современите микробиолошки методи, притоа успешно комбинирајќи класични и автоматизирани техники за анализа на уринарни изолати.

Методот за енумерација на колониите и изведувањето на пресметките за CFU/ml е математички и концепциски правилно поставен, со јасно образложување на принципите на конверзија при различен волумен на еза. Ваквиот пристап обезбедува висока аналитичка точност во проценката на степенот на бактериурија, што е суштински индикатор при клиничката интерпретација на резултатите.

Во делот посветен на антимикробната чувствителност, трудот се истакнува со исклучителна методолошка строгост и усогласеност со европските стандарди на EUCAST. Деталното опишување на подготовката на бактериската суспензија, мерењето на турбидитетот и стандардизацијата според McFarland единици е доказ за темелно владеење на протоколите. Авторот покажува систематичност и во описот на техниката на инокулација и поставување на антибиотските дискови, при што доследно се придржува до принципите на стерилитет, репродуктивност и униформност на резултатите. Секој сегмент е јасно објаснет, теоретски аргументиран и практично оправдан. Комбинацијата на класични техники и автоматизирани системи создава баланс меѓу традиционалната микробиолошка експертиза и современите технолошки решенија. Овој дел од трудот недвосмислено го позиционира истражувањето како научно релевантно, високо квалитетно и методолошки солидно поставено.

Делот „Очекувани резултати“ е јасно и концизно формулиран, со систематски изложени очекувањата од предложеното истражување. Делот „Очекувани резултати“ се презентира со висок степен на јасност и академска концизност, при што авторот систематски ги изложува предвидените исходи од предложеното истражување. Особено значајно е што е истакната практичната применливост на резултатите, со потенцирање на нивната улога во подобрување

на рутинската лабораториска дијагностика и во поддршка на насочено управување со антимикробната терапија. Дополнително, јасно е нагласена целта за пополнување на постојните празнини во знаењето и за унапредување на дијагностичките и терапевтските стратегии во клиничката практика.

**ЗАКЛУЧОК**

По темелна анализа на доставениот материјал, Рецензентската комисија оценува дека пријавената тема наслов „Компарација на стандардни методи за идентификација и одредување на осетливоста кон антимикробни средства на патогените микроорганизми од уринокултура со автоматизирани методи и MALDI-TOF“ поднесена од науч. сор. д-р Марко Костовски претставува релевантна и изводлива научна студија со значајно теоретско и практично значење.

Предложената тема е јасно конципирана, а поставените цели и методолошки пристапи се систематски дефинирани и усогласени со научните стандарди на клиничката микробиологија. Комисијата ја оцени како перспективна истражувачка рамка која може да придонесе кон подобро разбирање на микробиолошката етиологија и дијагностика на уринарните инфекции, како и кон оптимизација на терапевтските стратегии преку анализата на профилите на антимикробна резистенција.

Со оглед на изложеното, Комисијата го предлага на Наставно-научниот совет на Медицински факултет – Скопје да ја одобри предложената тема за изработка на докторска дисертација од науч. сор. д-р Марко Костовски и да иницира понатамошна процедура за формализирање на истражувачкиот проект.

**Рецензетска комисија:**

Виш науч. сор. д-р Лилјана Лабачевска Ѓатовска (ментор)
Проф. д-р Жаклина Цековска (член)
Проф. д-р Гордана Јанкоска (член)

**До**
**Наставно-научен совет**
**НА МЕДИЦИНСКИ ФАКУЛТЕТ**
**УНИВЕРЗИТЕТ „СВЕТИ КИРИЛ И МЕТОДИЈ”**
**СКОПЈЕ**

Наставно-научниот совет на својата XXV работна седница одржана на ден 17.11.2025 година, а на предлог од Советот на трет циклус-докторски студии донесе Одлука за формирање на Комисија за оцена на пријавена тема со предлог-докторски проект за изработка на докторски труд од Д-р Гордана Георгиева со наслов:

**Профилактичен регенеративен периферен нервен интерјфејс кај ампутации на долен екстремитет**

**Prophylactic Regenerative Peripheral Nerve Interface in lower limb amputations**

во состав: 1. Проф. Д-р Ѓорѓе Џокиќ, ментор, 2. Проф. Д-р Елизабета Мирчевска Жоговска, член и 3. Доц. Д-р Софија Пејкова, член.

Комисијата за оцена на пријавена тема со предлог-докторски проект за изработка на докторски труд го разгледа доставениот материјал и по меѓусебни консултации го поднесува следниов

## ИЗВЕШТАЈ

### 1. Предмет на истражување

Предметот на истражување во овој докторски проект е сеопфатна клиничка евалуација на Регенеративниот периферен нервен интерфејс (РПНИ) како профилактичка хируршка техника за превенција на постампутациона болка и симптоматски неуром кај пациенти со ампутација на долен екстремитет. Истражувањето има за цел не само да ја утврди ефективноста на РПНИ во однос на стандардната техника на третирање на пресечените нерви, туку и да ги анализира параметрите кои влијаат врз интензитетот на резидуалната болка, функционалниот опоравок и квалитетот на живот на пациентите.

Фокусот на истражувањето е интеграција на современите сознанија за неурофизиологија, регенерација на периферните нерви и биомеханиката на мускулно-скелетните интерфејси со нивната практична хируршка апликација. Со тоа се надминува класичниот описен пристап на следење на поединечни клинички случаи и се преминува кон систематизирана, репродуцибилна и статистички валидна анализа на ефектите од РПНИ

техниката. Изборот на РПНИ како предмет на истражување е оправдан со оглед на растечките докази дека оваа техника значајно ја редуцира појавата на симптоматски неуром, ја подобрува контрола на болката и овозможува подобра толеранција на протеза.

Клучен аспект на истражувањето е дизајнот на студијата, кој е ретроспективно-проспективен и споредбен. Опфатени се 64 пациенти поделени во две групи: РПНИ група (n=32) и контролна група со стандардна техника (n=32). Пациентите се следени во три временски точки на 4, 8 и 12 недели постоперативно, што овозможува анализа на динамиката на болката, појавата или прогресијата на Тинеловиот знак, употребата на аналгетици и функционалниот напредок во раниот период на рехабилитација.

Проценката на успехот е мултимодална и вклучува: мерење на болка преку VAS скор, проценка на влијанието на болката врз секојдневното функционирање преку PROMIS Pain Interference 8a, клиничка евалуација на Тинеловиот знак, следење на употреба и толеранција на протеза, како и споредба на потребата од медикаментозна терапија. Овој комплексен пристап овозможува истовремено оценување на субјективни и објективни параметри, што ретко се присутни во досегашната литература за профилактички РПНИ.

Истражувањето има значаен научен и клинички импакт. Постоперативната болка, особено резидуалната болка и фантомската болка, се меѓу најинвалидизирачките состојби кај ампутираните пациенти, а конвенционалните техники честопати не успеваат да ја спречат појавата на симптоматски неуром. Анализата на ризик-факторите како возраст, пол етиологија на ампутацијата, ниво на ампутација (БКА/АКА), коморбидитети и засегнатиот нерв овозможува подобро разбирање на предиктивните елементи за успех на РПНИ.

Дополнително, предметот на истражување го опфаќа и компликациите од оперативната интервенција и употребата на протеза во рехабилитацискиот период. Овие параметри имаат сè поголемо значење со оглед на растечките здравствени трошоци и важноста на брзото враќање на пациентите кон секојдневни активности.

Со интегрирање на клинички, физиолошки, статистички и етички аспекти, овој проект претставува значаен чекор напред во стандардизацијата на профилактичката РПНИ техника, идентификацијата на факторите кои влијаат врз исходот, како и утврдување на нејзината вистинска вредност во современата реконструктивна практика.

## 2. Состојба на научното подрачје во кое се работи дисертацијата

Научното подрачје на оваа дисертација припаѓа на реконструктивната хирургија и хирургијата на периферни нерви, со посебен фокус на современите техники за превенција на симптоматски неуром и постампутациона болка. Во последните две децении, значително се развиваат хируршки методи засновани на неурофизиолошките принципи на таргетирана реинервација и контрола на абнормалната нервна регенерација. Меѓу нив, Регенеративниот периферен нервен интерфејс (РПНИ), првично развиен од Cederna и соработниците, се наметнува како биолошки рационална и клинички супериорна техника за менаџмент на пресечените периферни нерви при ампутации.

Современата литература демонстрира експоненцијално зголемување на интересот за РПНИ, особено како профилактичка техника, поради неговата способност да обезбеди физиолошки јасен „регенеративен пат“ за нервните влакна во слободен мускулен графт. Клиничките студии покажуваат значително намалување на појавата на симптоматски неуром, пониски нивоа на резидуална болка и подобра толеранција на протетски помагала.

Иако иницијално развиена за третман на веќе формирани неуроми, техниката брзо го проширува своето поле кон профилактичка примена при примарни ампутации.

Сепак, и покрај растечката примена, постојат ограничувања во достапната научна литература. Повеќето досегашни истражувања се базирани на релативно мали серии на пациенти, често ретроспективни и без адекватна контролна група. Податоците за систематизирани споредби меѓу профилактички РПНИ и традиционални техники на згрижување на нервите (лигатура, тракција, имплантација во мускул) се ограничени, особено во раниот постоперативен период, кога се формира популацијата со најголем ризик за развој на симптоматски неуром.

Физиолошката и биолошката основа на РПНИ ја следи современата концепција на „насочена регенерација", при што пресечениот нерв се реинервира во мал аваскуларизиран мускулен графт кој ги прифаќа сигналите од нервните влакна и го спречува формирањето на абнормална маса на аксони. Овој пристап е суштински различен од конвенционалните техники кои често не обезбедуваат активна биолошка структура за интеграција и справување со пресечениот нерв. РПНИ, за разлика од нив, овозможува функционална и структурна адаптација на нервот, што е особено значајно кај ампутирани пациенти кај кои се очекуваат ревизии, протетски оптоварувања и долготрајни неврални импулси.

И покрај напредокот во меѓународната литература, достапните научни податоци имаат неколку значајни ограничувања:

• Поголемиот дел од студиите имаат мал примерок и краток период на следење.
• Недостаток на рандомизирани споредбени студии со стандардни техники.
• Недоволна употреба на валидирани клинички алатки како PROMIS Pain Interference
• Ограничена анализа на факторите на ризик за развој на постампутациона болка.
• Недостасување на податоци за раниот период до 12 недели, кој е критичен за неврална адаптација и рехабилитација.

Во македонската медицинска литература, РПНИ техниката е речиси недокументирана, а систематски компаративни студии со било која техника за згрижување на нервот и не постојат. Ова претставува значајна празнина во регионалното научно знаење, особено со оглед на растечкиот број пациенти со васкуларни, дијабетски или трауматски етиологии на ампутација.

Оваа дисертација го надополнува постоечкиот научен корпус преку:

• Прва систематизирана споредба на РПНИ и конвенционална техника во раниот постоперативен период (4, 8 и 12 недели).
• Мултимодална евалуација со VAS, PROMIS PI 8a, Тинелов знак, употреба на протеза.
• Примена на статистички методи корелациски анализи и мултиваријантни регресии.
• Стандардирано следење со јасни инклузиони и ексклузиони критериуми.

Актуелната состојба на научното подрачје укажува дека оваа тема е исклучително релевантна и навремена. Постоечките празнини во литературата особено во однос на профилактичката примена на РПНИ и неговата непосредна споредба со конвенционалната техника, ја оправдуваат потребата од истражување од ваков тип, кое има потенцијал да понуди нови научни сознанија и директно да влијае на клиничката пракса.

## 3. Цели на истражувањето

Целите на ова истражување произлегуваат од потребата за систематска, клинички валидна и научно заснована евалуација на Регенеративниот периферен нервен интерфејс (РПНИ) како профилактичка техника при ампутации на долен екстремитет во споредба со

конвенционалната техника на згрижување на периферните нерви. Современите принципи на хирургијата на периферни нерви нагласуваат дека превенцијата на симптоматски неуром и контрола на резидуалната и фантомската болка се клучни фактори за успешна рехабилитација и адаптација и користење на протеза.

Истражувањето има за цел да обезбеди емпириски податоци за ефективноста на РПНИ, како и аналитички увид во неврофизиолошките механизми, функционалните исходи, перцепцијата на пациентите и поврзаноста со специфични клинички и демографски параметри.

### 3.1 Примарна цел

Примарната цел на истражувањето е да се утврди ефективноста на профилактичката РПНИ техника во намалување на постампутационата болка и превенција на симптоматски неуром, во споредба со стандардната техника на ампутација.

Оваа цел ќе се реализира преку:

- Мерење на интензитет на болка со VAS во три временски точки (4, 8 и 12 недели)
- Проценка на влијанието на болката врз секојдневното функционирање преку PROMIS Pain Interference 8a
- Клиничка евалуација на појава и динамика на Тинел знак

Целта е да се потврди хипотезата дека РПНИ обезбедува супериорни резултати од аспект на постоење на постамапутациона болка и формирањето на неуром во раниот постоперативен период.

### 3.2 Секундарни цели

#### 3.2.1 Проценка на субјективни и објективни показатели на болка

Целта е да се анализира перцепцијата на болка, динамиката на интензитет на болка и потребата од аналгетска терапија кај двете групи пациенти.

Ова вклучува:

- VAS мониторинг во три временски точки
- Корелација со типот на ампутација, етиологија и засегнатиот нерв

Оваа анализа ќе укаже дали РПНИ овозможува подобро контролирање на болката во раната рехабилитација.

#### 3.2.2 Функционален исход и употреба на протеза

Истражувањето има за цел да ги утврди разликите во започнување и толеранција на рехабилитацијата со употреба на протеза.

Ова вклучува:

- Толеранција и ограничувања при користење, времетраење на користење на протеза
- Поврзаност со типот на операција и присуство/отсуство на болка

Оваа цел е од суштинско значење бидејќи употребата на протеза директно го одразува функционалниот исход.

#### 3.2.3 Детекција и анализа на Тинелов знак

Преку систематска евалуација на Тинеловиот знак на 4, 8 и 12 недели, ќе се анализира:

- Појава на позитивен Тинел
- Перзистирање на позитивен или негативен Тинел знак
- Корелација со техника (РПНИ vs стандардна), етиологија и ниво на ампутација

Целта е да се утврди дали РПНИ доведува до подобра неуролошка адаптација и помал ризик за развој на симптоматски неуром.

**3.2.4 Анализа на постоперативни компликации**

Систематско евидентирање на:

• Инфекции
• Дехисценција
• Хематом, сером
• Некроза
• Потреба за ревизија

Целта е да се утврдат ризик фактори за компликации и потенцијални разлики меѓу двете техники.

**3.2.6 Корелација меѓу клиничките параметри и изборот на техника**

Целта е да се анализира какви клинички и демографски параметри влијаат врз исходот, како:

• Возраст
• Етиологија на ампутацијата (дијабет, васкуларна болест, траума, инфекција, малигнитет)
• Ниво на ампутација (БКА, АКА)
• Засегнат нерв (n. ischiadicus, tibialis, peroneus profundus/superficialis)

Оваа анализа ќе помогне во дефинирање клинички алгоритам за селекција на пациенти кај кои РПНИ е најкорисна.

**4. Очекуван научен придонес**

Истражувањето предложено во рамки на оваа докторска дисертација има за цел да обезбеди оригинален, систематизиран и статистички валидиран придонес во областа на хирургијата на периферни нерви и реконструкцијата кај пациенти со ампутации на долен екстремитет. Со оглед на фактот што профилактичката примена на РПНИ сè уште е недоволно истражена, особено во регионален контекст и во директна споредба со стандардната техника, ова истражување претставува значајно проширување на научниот корпус и основа за подобрување на клиничката пракса.

**4.1 Придонес во валидирање на ефективноста и сигурноста на RPNI**

Научниот придонес на истражувањето произлегува од систематска проценка на ефектите на РПНИ врз:

• интензитетот на болка (VAS),
• функционалната способност и влијанието на болката врз активностите (PROMIS PI 8a),
• појава и динамика на Тинелов знак,
• потребата од аналгетска терапија,
• толеранцијата и користењето на протеза.

Добивањето објективни и субјективни параметри ќе овозможи оцена на тоа дали профилактичката РПНИ навистина ја намалува појавата на симптоматски неуром и резидуална болка, во споредба со стандардната техника. Ова ќе биде прва систематска

компаративна анализа спроведена во нашето поднебје, со што значително се надградува постојната клиничка практика.

**4.2 Методолошка новина: споредбен дизајн и мултимодална проценка**
Придонесот на истражувањето е значајно зајакнат со неговата методолошка структура.
За првпат, во домашната научна литература ќе се спроведе:
• ретроспективно-проспективна компарација на две групи (РПНИ vs стандардна техника),
• мултимодална евалуација со три независни инструменти — VAS, PROMIS PI 8a, Тинел знак
• стандардирана анализа во три временски точки (4, 8 и 12 недели).
Овој пристап овозможува висока статистичка валидност и намалување на биолошката и индивидуалната варијабилност. Таквата интеграција на повеќекратни клинички индикатори е иновативна и создава модел кој може да биде применет и во идни студии за нервна реконструкција.

**4.3 Придонес кон оптимизација и стандардизација на техниката**
Ова истражување има потенцијал да резултира со:
• идентификација на клиничките и демографските фактори што влијаат врз ефективноста на РПНИ,
• предлог на клинички алгоритам за селекција на пациенти,
• дефинирање на оптимален пристап за секој нерв (ischiadicus, tibialis, peroneus profundus/superficialis),
• препораки за рана рехабилитација кај пациенти со РПНИ.
Овие резултати ќе им овозможат на хирурзите да го изберат најсоодветниот хируршки метод што директно ќе ја подобри клиничката ефикасност и функционалните исходи.

**4.4 Придонес во контекст на домашната и регионалната литература**
Со оглед на тоа што во македонската, а и во пошироката регионална литература, нема систематски анализи за профилактичка примена на РПНИ, ова истражување ќе претставува прв структурно валидиран труд во ова поле. Резултатите можат да бидат објавени во меѓународни списанија за реконструктивна хирургија, хирургија на периферни нерви и ампутации.
Дополнително, очекуваниот придонес вклучува:
• зголемување на научната видливост на домашните клинички практики,
• промовирање на современи хируршки техники во национален и регионален контекст,
• создавање основа за идни проспективни и рандомизирани студии.

## ЗАКЛУЧОК

Комисијата врз основа на приложениот материјал оценува дека пријавената тема со предлог-докторски проект за изработка на докторски труд под наслов „Профилактичен Регенеративен Периферен Нервен Интерфејс кај ампутации на долен екстремитет“ од д-р Гордана Георгиева е актуелна, научно оправдана и има исключителна апликативна вредност во современата реконструктивна и хирургијата на периферни нерви.

Комисијата констатира дека постојат јасни предуслови за изработка на докторскиот труд, како и дека кандидатот поседува потребни стручни, научни и истражувачки капацитети за неговата успешна реализација.

Тематската област, методолошкиот пристап, очекуваните резултати и предложениот научен придонес ги задоволуваат принципите на научноистражувачка работа.

Комисијата, во полн состав едногласно ја одобрува пријавената тема со предлог-докторски проект и дозволува продолжување со понатамошна реализација на докторскиот труд.

**РЕЦЕНЗЕНТСКА КОМИСИЈА**

1. Проф. Д-р Ѓорѓе Џокиќ
2. Проф. Д-р Елизабета Мирчевска Жоговска
3. Доц. Д-р Софија Пејкова

**До**
**Наставно-научен совет и Совет на студиска програма по медицина**
**НА МЕДИЦИНСКИ ФАКУЛТЕТ**
**УНИВЕРЗИТЕТ „СВЕТИ КИРИЛ И МЕТОДИЈ”-СКОПЈЕ**

Наставно-научниот совет на својата XXV работна седница одржана на ден 17.11.2025 година, а на предлог од Советот на трет циклус-докторски студии донесе Одлука за формирање на Комисија за оцена на пријавена тема со предлог-докторски проект за изработка на докторски труд од д-р Сара Ристовска со наслов:

**"Употреба на пикфлоуметар и акциски план во менаџмент на пациенти со неконтролирана астма во примарна здравствена заштита"**

**„ Use of peak flow meter and action plan in the management of patients with uncontrolled asthma in primary healthcare“**

во состав: 1.Проф. д-р Катарина Ставриќ, ментор; 2.Проф. д-р Јордан Минов, член, и 3.Проф.д-р Валентина Ристеска Нејашмиќ, член

Комисијата за оцена на пријавена тема со предлог-докторски проект за изработка на докторски труд го разгледа доставениот материјал и по меѓусебни консултации го поднесува следниов

# И З В Е Ш Т А Ј

Предлог-докторскиот проект е изработен согласно упатството за изработка на предлог проект за докторски труд при Школата за докторски студии на УКИМ. Текстот е јасно структуриран, содржи апстракт на македонски и англиски јазик, вовед, работна хипотеза и цели, материјал и методи, очекувани резултати и литература. Насловот е јасен и индикативен, без скратеници, што овозможува лесно препознавање на предметот на истражување. Апстрактите се напишани со сите делови на структуриран апстракт: вовед, материјал и методи, очекувани резултати и заклучок. Клучните зборови се релевантни и обезбедуваат лесно пребарување низ биомедицинските бази на податоци.

1. **Предмет на истражување и актуелна состојба**

Темата „Употреба на пикфлоуметар и акциски план во менаџмент на пациенти со неконтролирана астма во примарна здравствена заштита“ е современа и клинички значајна. Астмата е хронично заболување со растечка преваленца и значајно влијание врз квалитетот на животот. Неконтролираната астма претставува сериозен јавно здравствен проблем, особено во земји со ограничени ресурси.

Воведот е јасно структуриран и логично организиран. Кандидатката започнува со глобалната епидемиологија на астмата, наведувајќи ја нејзината преваленца и значењето како хронично заболување со сериозно влијание врз квалитетот на животот. Постепено се префрла кон локалниот контекст во Република Северна Македонија, со користење на официјални податоци од Светската здравствена организација и Министерството за здравство. Оваа постапка овозможува читателот да ја согледа важноста на проблемот и на глобално и на национално ниво.Посебно е нагласено значењето на пикфлоуметријата и акциските планови како алатки за самоконтрола и подобрување на адхеренцијата кон терапија. Воведот ја нагласува актуелноста на темата преку истакнување на проблемот со неконтролираната астма и прекумерната употреба на кратко делувачки β2 агонисти. Ова е во согласност со меѓународните упатства (GINA) и ја потврдува потребата од нови интервенции во примарната здравствена заштита. Кандидатката дава детален преглед на постојните алатки за проценка и следење на астмата, како што се ACT тестот и пикфлоуметријата. Се нагласува нивната практична примена во клиничката пракса и потенцијалот за подобрување на контролата на болеста.

Во воведот се наведуваат бројни студии (Buist, Gibson, Lopez, Adams, Cowie, Chen, Turner и други), што покажува дека кандидатката е запознаена со најновите истражувања во областа. Се прави критичка анализа на резултатите: на пример, студијата на Buist укажува дека кај постари пациенти мониторингот на PEF нема значајни предности, додека студијата на Cowie покажува дека PEF метријата има предност над акционите планови засновани на симптоми.Овој критички осврт е важен бидејќи покажува свесност за ограничувањата на постојните методи и ја оправдува потребата од ново истражување кое ќе ги комбинира алатките (PEF метар + акциски план) за да се постигне подобра контрола на астмата.

Воведот обезбедува силна научна основа за истражувањето. Со систематски осврт на литературата, кандидатката ја потврдува важноста на темата и ја оправдува потребата од спроведување на студијата. Наведените студии ја зајакнуваат аргументацијата и покажуваат дека кандидатката е запознаена со глобалните трендови и локалните предизвици.Посебно е значајно што се нагласува проблемот со ниската усогласеност на пациентите со долгорочно следење на PEF, што претставува реален клинички предизвик. Со тоа кандидатката демонстрира критичка свесност и реалистичен пристап кон истражувањето.

Мотив за ова истражување е да се подобри на контролата на астмата на примарно ниво а со тоа да се подобри квалитетот на живот кај пациентот и да придонесе за намалување на оптеретување на секундарно/терциерно ниво на здравствена заштита. Грижата фокусирана на пациентот во примарната здравствена заштита може да го намали морбидитетот,

смртноста и трошоците. Јакнењето на пациентите во примарната здравствена заштита може да влијае на контролата на астма.

## 2.Цели на трудот

Во делот „Работни хипотези и цели'' наведено е дека истражувањето треба да ја потврди хипотезата „ Со употребата на пикфлоуметар со водење на дневник и акциски план за астма кај пациенти со неконтролирана астма $\geq$ 18 години се очекува да се обезбеди подобар квалитет на живот, подобра адхерентност на терапија и подобрување на контролата на астма, намален број на егзацербации и намалена употреба на β2 агонисти со кратко дејство – SABA инхалери во споредба со стандардната грижа на пациентите со неконтролирана астма во ПЗЗ".

Работната хипотеза е јасно формулирана и недвосмислено ја дефинира очекуваната корист од употребата на пикфлоуметар, дневник и акциски план кај пациенти со неконтролирана астма. Таа е насочена кон проценка на повеќе клинички релевантни исходи: подобрување на квалитетот на живот, адхеренција кон терапија, контрола на астмата, намалување на егзацербации и намалена употреба на кратко делувачки β2 агонисти. Хипотезата е во согласност со современите научни сознанија и меѓународните упатства (GINA), кои ја нагласуваат важноста на самоконтролата и структурираниот менаџмент на астмата.Таа е доволно конкретна за да може да се тестира преку предложената методологија, а истовремено е доволно широка за да опфати повеќе аспекти на клинички исходи.

Кандидатката има јасно поставени, концизни *цели*:

Целите на истражувањето се поделени на примарни и секундарни, што претставува добар истражувачки пристап и овозможува јасна хиерархија на очекуваните резултати.

**Примарни цели:**

- Да се подобри на квалитетот на живот.
- Да се подобри на адхеренцијата кон терапија.
- Да се подобри контролата на астма (АСТ резултат).

Овие цели се концизни, јасно дефинирани и директно поврзани со хипотезата. Тие се мерливи преку валидирани инструменти (АСТ тест, прашалници за квалитет на живот, MMAS-8), што обезбедува објективност и научна валидност.

**Секундарни цели:**

- Да се намали бројот на егзацербации за 6 месеци.
- Да се намали бројот на пропишани SABA инхалери.
- Да се намали бројот на пропишани орални кортикостероиди.
- Да се намали бројот на пропишани антибиотици.

- Да се подобри адхеренцијата кон употреба на PEF метар и подобрување на самоконтролата на астма.

Секундарните цели се детално разработени и покриваат поширок спектар на клинички и терапевтски исходи. Тие овозможуваат дополнителна проценка на ефективноста на интервенцијата и обезбедуваат податоци со практична применливост во примарната здравствена заштита.

### 3.Методологија на истражувањето

Делот „Материјал и методи" е јасно структуриран, со прецизно дефинирани сегменти: критериуми за вклучување, критериуми за исклучување, протокол на истражувањето и инструменти за мерење. Текстот е логично организиран и овозможува лесно следење на истражувачкиот процес.

Истражувањето е дизајнирано како опсервациска студија со вклучени 100 пациенти ≥18 години со дијагностицирана неконтролирана астма кои ќе бидат информирани и ќе потпишат информирана согласност за учество во студијата.Пациентите се алоцирани во две групи (испитувана и контролна) со по 50 учесници по принцип на достапност, што овозможува споредба меѓу интервенцијата и стандардната грижа. Пациентите ќе бидат следени во период од 6 месеци. Вклучувањето на 10 лекари од примарната здравствена заштита ја зголемува практичната применливост и ја обезбедува реалната клиничка средина за истражувањето.

Критериумите за вклучување се јасно дефинирани и обезбедуваат селекција на пациенти со неконтролирана астма, потврдена преку АСТ тест и прекумерна употреба на SABA инхалери. Критериумите за исклучување се детални и соодветни, со цел да се елиминираат пациенти кај кои постојат коморбидитети или состојби што би можеле да влијаат на резултатите (срцева слабост, хронични респираторни заболувања, бубрежна и хепатална инсуфициенција, карциноми, деменција, бременост).Ова обезбедува хомогеност на примерокот и ја зголемува валидноста на резултатите.

Докторите ќе ги селектираат пациентите во двете групи со тоа што ќе ги повикаат своите пациенти со дијагноза астма на кои ќе им направат тест за контрола на астма-АСТ. Секој пациент кој на крајниот резултат на тестот за контрола на астма ќе има под 20 бодови и ќе потпише информирана согласност може да влезе во истражувањето доколку ги исполнува инклузионите и ексклузионите критериуми на истражувањето.

Во испитуваната група, докторот на секој пациент кој ќе ги исполни условите за влез во истражувањето, ќе му спроведе едукација за правилно користење на пикфлоуметар и водење на дневник за астма. На секој пациент ќе му изготви персонализиран акциски план за контрола на PEF вредностите каде ќе има препорака како да постапува во поглед на терапија согласно добиените вредности на PEF метријата. Уште при оваа иницијална средба пациентот ќе се провери и/или едуцира за правилна употреба на инхалаторната терапија. Секој пациент ќе добие пикфлоуметар од страна на матичниот доктор за негово користење.

Во контролната група, докторот на секој пациент кој ќе ги исполни условите за влез во истражувањето ќе му спроведе стандардна грижа под која се подразбира земање анамнеза, клинички преглед-аускултација и совет за терапија. Уште при оваа иницијална средба пациентот ќе се провери и/или едуцира за правилна употреба на инхалативната терапија.

При инцијалната консултација ќе се побара од пациентите во двете групи (испитуваната и контролната група) да пополнат валидирани и меѓународно прифатени инструменти:

- **mAQLQ** за проценка на квалитетот на живот.
- **PEI** за проценка на ефективноста на медицинските консултации.
- **MMAS-8** за проценка на адхеренцијата кон терапија.
- **ACT тест** за проценка на контролата на астмата.

Овие инструменти обезбедуваат објективност и научна валидност, а нивната комбинација овозможува мултидимензионална проценка на исходите.

Податоците се собираат систематски на три временски точки: иницијално, на 3 месеци и на 6 месеци. Се користат и прашалници пополнети од пациентите и клинички податоци од здравствените картони на пациентите внесени од докторите (спирометрија, употреба на лекови, број на егзацербации, хоспитализации, консултации со специјалисти). Овој пристап обезбедува целосна слика за клиничкиот статус и напредокот на пациентите.

Делот „Статистичка метода“ е јасно напишан и систематски организиран. Кандидатката прецизно наведува кој статистички софтвер ќе се користи (SPSS 26.0 за Windows), што обезбедува транспарентност и стандардизација на обработката на податоците. Наведените методи се детално опишани и соодветно распределени според видот на променливите (квалитативни и квантитативни), што овозможува лесно следење на истражувачкиот процес.

### 4.Очекувани резултати

Делот „Очекувани резултати“ е јасно напишан и концизно ги опишува главните исходи што се предвидуваат од истражувањето. Кандидатката прецизно наведува дека интервенцијата (употреба на пикфлоуметар, дневник и акциски план) треба да доведе до подобрување на квалитетот на живот, адхеренцијата кон терапија и контролата на астмата, како и до висока прифатливост и задоволство кај пациентите.

Очекуваните резултати се реалистични и во согласност со претходни истражувања во областа. Подобрувањето на квалитетот на живот и контролата на астмата е логичен исход од воведување на структурирани алатки за самоконтрола. Дополнително, намалувањето на егзацербации и употребата на SABA инхалери е во согласност со меѓународните препораки (GINA), што ја потврдува научната валидност на очекувањата.

Посебно значајно е што кандидатката ја нагласува промоцијата на пикфлоуметар и акциски план како алатки за следење на пациенти со неконтролирана астма во примарната здравствена заштита. Ова има директна практична применливост и може да влијае врз

националната здравствена политика, со цел намалување на компликациите, морталитетот и трошоците.

Во делот „Литература'', кандидатката наведува 23 библиографски единици од областа што планира да ја истражува, од кои најголем дел се објавени во последните 5 години. Истите се правилно цитирани во соодветните делови каде се препорачува референцирање.

## ЗАКЛУЧОК

Врз основа на образложението на пријавената тема, целите, методологијата на истражувањето и очекуваните резултати, комисијата оценува дека предложената тема: "Употреба на пикфлоуметар и акциски план во менаџмент на пациенти со неконтролирана астма во примарна здравствена заштита " е актуелна, со значајна научна и апликативна применливост.

Комисијата смета дека темата во целост ги задоволува критериумите за изработка на докторски труд и му предлага на Наставно-научниот совет на Медицинскиот факултет да ја прифати предлог-темата за изработка на докторската дисертација на кандидатот д-р Сара Ристовска , и да ја одобри изработката на докторскиот труд со наведениот наслов.

**РЕЦЕНЗЕНТСКА КОМИСИЈА**

1.Проф. д-р.Катарина Ставриќ, ментор;

2.Проф.д-р.Јордан Минов, член;

3.Проф. д-р.Валентина Ристеска Нејашмиќ, член

**РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА**
**Универзитет „Св. Кирил и Методиј“ – Скопје**
**Медицински факултет – Скопје**

**Р Е Ц Е Н З И Ј А**

За оцена на пријавена тема со предлог-докторски проект за изработка на докторски труд на тема „Геномна дијагностика на епилепсиите со ран почеток“ на кандидатката Др. Љеља Муаремоска Канзоска, пријавен на Медицинскиот факултет во Скопје.

Наставно-научниот совет на Медицинскиот факултет во Скопје, на својата XXV редовна седница, одржана на ден 17.11.2025 година, со одлука бр. 0905-6790/64 од 17.11.2025 година, формираше Комисија за оцена на предлог-докторскиот проект за изработка на докторски труд на кандидатката Др. Љеља Муаремоска Канзоска со наслов „Геномна дијагностика на епилепсиите со ран почеток“, во состав:

1. Проф. д-р Филип Дума – ментор
2. Проф. д-р Аспазија Софијанова – член
3. Проф. д-р Соња Бојаџиева – член

Комисијата во наведениот состав, со внимание го прегледа и го оцени предлог-докторскиот проект за изработка на докторски труд и на Наставно-научниот совет на Медицинскиот факултет – Скопје му го поднесува следниов извештај.

**И З В Е Ш Т А Ј**

**1. Општа оценка на пријавената тема и предлог-докторскиот проект**

Предлог-докторскиот проект на д-р Љеља Муаремоска Канзоска со наслов „Геномна дијагностика на епилепсиите со ран почеток“ е изработен според барањата предвидени со студиската програма за трет циклус докторски студии по медицина и ги содржи сите задолжителни делови: апстракт на македонски и англиски јазик, вовед, цели и хипотези, материјал и методи, очекувани резултати и придонес, како и соодветна литература. Проектот е јазично коректен, стилски уеднаечен и логично структуриран, што овозможува јасно и континуирано следење на содржината.

Тематиката на проектот е современа, научно релевантна и во целосна согласност со глобалните трендови во развојот на прецизната и геномската медицина, особено во доменот на детската неврологија и ретките болести. Геномната дијагностика на епилепсиите со ран почеток е област која во меѓународен контекст доживува интензивен развој, но во национални рамки сè уште е недоволно систематски истражена. Затоа, веќе на ниво на избор на тема, проектот се одликува со оригиналност и јасно препознатлив научен и практичен потенцијал.

Комисијата оценува дека избраниот истражувачки фокус – систематско проучување на генетската архитектура на епилепсиите со прв напад под 5-годишна возраст и квантификација на дијагностичкиот придонес на геномното тестирање – е прецизно дефиниран, актуелен и суштински важен за унапредување на клиничката пракса во нашата средина.

**2. Оцена на структурата и содржината на проектот по поединечни делови**

**2.1. Апстракт**

Апстрактот, изработен на македонски и англиски јазик, јасно ги резимира клучните сегменти на проектот: краток вовед во проблемот, целите на истражувањето, основните елементи на методологијата и очекуваните резултати и импликации. Експлицитно е истакната клиничката и научната важност на епилепсиите со ран почеток, како и растечката улога на генетските фактори и геномното тестирање во нивната етиолошка евалуација.

Апстрактот е концизен, прегледен и во согласност со содржината на проектот. Структурата е логична, без непотребни детали, но доволно информативна за читателот да може да ја согледа суштината на предложеното истражување. Комисијата смета дека апстрактот е адекватно конципиран и функционално ја извршува својата улога.

**2.2. Вовед**

Во воведниот дел кандидатката дава јасен и систематизиран преглед на епилепсијата како хронично невролошко заболување, со посебен акцент на епилепсиите со ран почеток во детска возраст. Научно аргументирано се прикажани епидемиолошките аспекти, современата класификација според ILAE, клиничката и етиолошката хетерогеност, како и високата преваленца на невроразвојни последици кај оваа група пациенти. На особено јасен начин е прикажан преминот од концептот „идиопатска“ кон „генетска“ епилепсија, со нагласување на улогата на моногенските, олигогенските и полигенските механизми и на значењето на генетските фактори во патогенезата на епилепсиите со ран почеток.

Понатаму, детално се обработени современите геномни технологии – таргетирани панели, секвенционирање на целиот егзом (WES), а во поширок контекст и можностите на секвенционирање на целиот геном (WGS). Прикажани се достапните податоци за дијагностичкиот придонес на овие методи кај развојно-епилептичните енцефалопатии и другите тешки епилепсии со многу ран почеток.

На убедлив начин се аргументира потребата од систематско истражување на генетската основа на епилепсиите со ран почеток во национален контекст, имајќи предвид дека во Република Северна Македонија досега не е спроведена ваква обемна и структуирана студија. Посочен е и специфичниот контекст на Универзитетската клиника за детски болести – Скопје како терциерен и референтен центар, со што се оправдува и избраното клиничко поставување.

Комисијата оценува дека воведот е научно релевантен, добро структуриран и доволно обемен, со јасно артикулирање на празнината во постојното знаење и логично водење кон целите и хипотезите на проектот.

**2.3. Цели и хипотези**

Целите и хипотезите на проектот се јасно дефинирани, мерливи и логично произлегуваат од воведниот дел. Главната цел е да се испита генетската основа и дијагностичката вредност на геномното тестирање кај деца со епилепсии со почеток пред 5-годишна возраст, со фокус на:

- дијагностичкиот придонес (diagnostic yield) на геномното тестирање,
- опис на генетскиот спектар на детектираните варијанти,
- процена на клиничкиот импакт на добиените резултати врз терапевтскиот пристап, прогнозата, мониторингот и генетското советување.

Потцелите опфаќаат опис на демографските и клиничките карактеристики на вклучените пациенти, анализа на фреквенцијата и структурата на патогените, веројатно патогените и VUS варијантите, споредба на дијагностичкиот придонес во различни возрасни подгрупи (0–2 и 2–5 години), како и идентификација на клинички и параклинички фактори поврзани со позитивен генетски наод.

Формулираните хипотези се реалистични и проверливи со предложената методологија. Тие предвидуваат: значителен процент на позитивни генетски наоди кај пациентите со епилепсија со ран почеток; постоење на јасни клинички и демографски предиктори за позитивен генетски резултат; значајно влијание на молекуларната дијагноза врз изборот и модификацијата на терапијата, врз прогностичките проценки и врз генетското советување и репродуктивното планирање во семејствата.

Комисијата смета дека систематизацијата на целите и хипотезите е примерна и во согласност со стандардите за докторски истражувања во клиничките науки.

**2.4. Материјал и методи**

Во делот „Материјал и методи“ проектот е конципиран како аналитичка, обсервациона студија на пресек (cross-sectional analytical study), со планиран примерок од 80–120 педијатриски пациенти со епилепсија со почеток до 5-годишна возраст, лекувани на Универзитетската клиника за детски болести – Скопје.

Прецизно се наведени инклузионите и ексклузионите критериуми, поделбата на испитаниците во две возрасни подгрупи (0–2 и 2–5 години), како и стандардните дијагностички постапки (анамнеза, невролошки преглед, EEG, неуроимиџинг, лабораториски и метаболни анализи). На тој начин се обезбедува хомогеност на примерокот и се минимизираат конфузните фактори, особено јасно генетски независните етиологии (тумори, тешки трауми, автоимуни енцефалити, хипоксично-исхемични оштетувања и др.).

Геномното тестирање (панелно секвенционирање на гени поврзани со епилепсија, WES, а по потреба и други техники како CMA и Сангерово секвенционирање за потврда и

фамилијарно тестирање) е опишано како клучна компонента на истражувањето. Јасно е нагласено дека изборот на конкретниот тест ќе биде насочен од клиничката слика, возраста на пациентот и практичната достапност на лабораториските ресурси, а интерпретацијата на добиените варијанти ќе се врши согласно актуелните ACMG критериуми.

Планираниот систем за категоризација на генетските резултати (патогени, веројатно патогени, VUS, негативни/неконклузивни) е во целосна согласност со меѓународната пракса. Планот за анализа на генотипско–фенотипските корелации, класификацијата на гените според патофизиолошките механизми (каналопатии, синаптопатии, развојно-епилептични енцефалопатии, метаболни форми итн.) и оцената на клиничкиот импакт преку јасно дефинирани домени претставуваат силни методолошки страни на проектот.

Комисијата позитивно ја оценува и планираната организација на базата на податоци, која опфаќа демографски, клинички, EEG, неуроимиџинг и генетски параметри, со можност за подетална поданализа на подгрупи (на пр. деца со developmental and epileptic encephalopathy, деца со развојно заостанување/ID, деца со специфични EEG/МРИ обрасци).

**2.5. Статистичка анализа**

Статистичкиот план е адекватен и прилагоден на поставените цели и на типот на податоците. Предвидена е употреба на дескриптивна статистика за основен опис на примерокот (средни вредности, стандардна девијација, медијана, фреквенции и проценти), како и на инференцијални методи за тестирање на разлики и асоцијации:

- Student's t-тест или еквивалентни непараметриски тестови за споредба на средни вредности;
- $\chi^2$-тест за анализа на асоцијации меѓу категорички варијабли;
- логистичка регресија за идентификување на предиктори за позитивен генетски наод;
- корелациски анализи (Пирсонова/Спирманова) каде што тоа е применливо.

Предвидено е јасно ниво на статистичка значајност ($p<0{,}05$), со можност за примена на корекции за повеќекратно тестирање при потреба. Планираниот софтвер (IBM SPSS Statistics) е стандард во биомедицинските истражувања.

Комисијата оценува дека статистичкиот план е издржан, реалистичен и соодветен на обемот и типот на податоците кои ќе се генерираат.

**2.6. Литература**

Литературата е актуелна, релевантна и коректно цитирана, опфаќајќи водичи и позициони документи на ILAE, како и современи трудови од областа на епилептологијата, неврогенетиката и геномната медицина. Вклучени се референци кои обработуваат и епидемиолошки аспекти, и генетски студии (вклучително и големи меѓународни колаборативни проекти), и практични аспекти на клиничката примена на геномното тестирање.

Комисијата смета дека литературната основа на која се темели проектот е соодветна за докторски труд и обезбедува стабилна теориско-методолошка рамка.

**3. Оцена на методолошката изводливост и реалистичност на проектот**

Проектот е реалистично конципиран во однос на бројот на пациенти, времетраењето на регрутацијата и обемот на планираните анализи. Универзитетската клиника за детски болести – Скопје, како единствен терциерен центар за педијатриска неврологија во државата, претставува соодветно место за реализација на студијата и овозможува достапност до доволно голема и репрезентативна кохорта на деца со епилепсии со ран почеток.

Планираниот опсег од 80–120 пациенти овозможува балансирана комбинација на изводливост и статистичка моќ. Во проектот е јасно нагласено дека со овој број испитаници ќе се опфати голем дел од очекуваните случаи во дефинираниот временски интервал, што дополнително ја зацврстува валидноста и репрезентативноста на примерокот.

Понатаму, постоечката клиничка практика на систематско прибирање на анамнестички, клинички, EEG и неуроимиџинг податоци, како и веќе воспоставената соработка со референтни лаборатории за генетика и геномика, претставуваат силна основа за успешна реализација на истражувањето. Комисијата смета дека кандидатката, во соработка со својот ментор и мултидисциплинарен тим, има реални капацитети да го реализира предложениот проект во рамките на докторските студии.

**4. Оцена на етичките аспекти**

Проектот ја препознава и уважува чувствителноста на работата со педијатриска популација и со генетски податоци. Во текстот е предвидена добивање на писмена информирана согласност од родител или законски застапник за учество во студијата и за спроведување на генетско тестирање, со јасно објаснување на целите на тестирањето, можните исходи и нивното значење.

Во проектот се запазени основните етички принципи: доброволност, право на повлекување, доверливост на податоците и заштита на приватноста на пациентите. Генетските резултати ќе бидат интерпретирани и соопштени во контекст на клиничкото генетско советување, со цел да се избегне несоодветно разбирање и потенцијален психолошки товар за семејствата.

Комисијата смета дека проектот е етички прифатлив и усогласен со принципите на добрата клиничка и научна пракса.

## ОЦЕНА НА НАУЧНИОТ И ПРАКТИЧНИОТ ПРИДОНЕС НА ПРОЕКТОТ

Предлог-докторскиот проект на д-р Љеља Муаремоска Канзоска се одликува со јасно дефинирана научна рамка и прецизно формулирано истражувачко прашање, кое е во целосна согласност со современите насоки на развој на прецизната медицина во неврологијата и педијатријата. Посебно значаен аспект е систематското испитување на генетската основа на епилепсиите со ран почеток во национална кохорта, што претставува истражувачко поле кое досега не било структурирано обработено во Република Северна

Македонија. Со тоа, проектот има потенцијал да воспостави референтни податоци и да послужи како основа за понатамошни истражувања во областа на детските неврогенетски нарушувања.

Планираниот научен придонес може да се сумира во следниве точки:

- Систематско опишување на генетската архитектура на епилепсиите со ран почеток во национална кохорта, со идентификација на застапените гени, типови на варијанти и нивната распределба по фенотипски подгрупи.
- Квантификација на дијагностичкиот придонес на различните видови геномно тестирање (панели, WES, евентуално CMA) кај реална клиничка популација, што има директна примена при планирање и оптимизација на дијагностичките алгоритми.
- Утврдување на клинички и параклинички маркери поврзани со позитивен генетски наод (возраст на почеток, тип на напади, DEE статус, EEG и МРИ карактеристики, фамилијарна анамнеза), со што се овозможува попрецизна селекција на пациенти за генетско тестирање и рационална употреба на ресурсите.
- Детално прикажување на клиничкиот импакт на генетската дијагноза во домените терапија, прогноза, мониторинг и генетско советување, со потенцијал да се формулираат препораки за прецизен и персонализиран пристап во управувањето со болеста.
- Потенцијална идентификација на нови или ретки генетски ентитети, како и можни генотипско-фенотипски корелации специфични за нашата популација, што би можело да биде значаен придонес и во меѓународен научен контекст.

Практичниот придонес на проектот се огледа во јасно дефинираниот план за процена на клиничкиот импакт на геномното тестирање:

- Добивањето структуирани податоци за тоа во колкав обем и на кој начин генетската дијагноза доведува до промена или оптимизација на третманот (избор на антиепилептични лекови, избегнување на потенцијално штетни терапии, упатување кон дополнителни интервенции – диетални, суплементарни, рехабилитациски).
- Подобро информирана прогностичка проценка и планирање на следењето (follow-up), што е од директна корист за семејствата и за клиничкиот тим.
- Унапредување на генетското советување, со појаснување на моделите на наследување, проценка на рецидивниот ризик и дефинирање на можностите за пренатална или предимплантациона дијагностика.
- Индиректен организациски и системски придонес преку можноста да се предлагаат локални и национални препораки за рационална, рана и стратешки насочена примена на геномното тестирање кај деца со епилепсии со ран почеток.

Понатаму, проектот има потенцијал да придонесе и кон јакнење на мултидисциплинарната соработка помеѓу детски невролози, клинички генетичари, неонатолози, педијатри, биоинформатичари и други стручњаци вклучени во дијагностиката и третманот на децата со епилепсии со ран почеток. Воспоставувањето на стандарден протокол за упатување на геномско тестирање, како и дефинирањето на клиничките показатели кои најсилно предвидуваат позитивен генетски наод, може да послужи како основа за изработка на локални и национални препораки, што претставува значаен организациски и системски придонес.

**ЗАКЛУЧОК И ПРЕПОРАКА**

Врз основа на сето горенаведено, Комисијата оценува дека предлог-докторскиот проект на д-р Љеља Муаремоска Канзоска со наслов „Геномна дијагностика на епилепсиите со ран почеток“:

- е научно и методолошки оправдан,
- е јасно конципиран и логично структуриран,
- е во целост усогласен со современите тенденции во клиничката неврологија, педијатријата и прецизната медицина,
- има јасно нагласен оригинален научен и практичен придонес во национален контекст и потенцијал за идно меѓународно вреднување.

Темата е оригинална во национален контекст и има значаен потенцијален придонес за унапредување на дијагностиката и третманот на децата со епилепсии со ран почеток во Република Северна Македонија.

**Комисијата едногласно смета** дека предлог-докторскиот проект на д-р Љеља Муаремоска Канзоска ги исполнува сите услови и критериуми за изработка на докторски труд на трет циклус студии по медицина и претставува проект со јасно препознатлив оригинален научен и практичен придонес.

**Комисијата му предлага на Наставно-научниот совет на Медицинскиот факултет – Скопје** да го прифати предлог-докторскиот проект и да одобри изработка на докторски труд на предложената тема, под менторство на проф. д-р Филип Дума.

РЕЦЕНЗЕНТСКА КОМИСИЈА:

Проф. д-р Филип Дума, ментор ......................................................

Проф. д-р Аспазија Софијанова, член .......................................

Проф. д-р Соња Бојаџиева, член .................................................

**ДО НАСТАВНО-НАУЧНИОТ СОВЕТ**

**ДО СОВЕТОТ НА СТУДИСКА ПРОГРАМА ЗА**

**III ЦИКЛУС ДОКТОРСКИ СТУДИИ ПО МЕДИЦИНА**

**УНИВЕРЗИТЕТ "СВ. КИРИЛ И МЕТОДИЈ"- СКОПЈЕ**

**МЕДИЦИНСКИ ФАКУЛТЕТ ВО СКОПЈЕ**

Наставно-научниот совет на својата XXV редовна седница, одржана на ден 17/11/2025 година, донесе одлука за формирање на ***Комисија за оцена на пријавена тема со предлог-докторски проект за изработка на докторски труд***, од кандидатот д-р Весна Чибишева, во состав:

1. Проф. д-р Весна Антовска, ментор
2. Проф. д-р Ана Данева Маркова, член
3. Проф. д-р Горан Кочоски, член

Рецензентската комисија се состана и по разгледување на потребната документација го поднесе следниот:

## И З В Е Ш Т А Ј

Пријавената тема ***"Сонографско следење на механизам на породување и предикција на начин на породување",*** на англиски јазик ***"Intrapartum sonographic evaluation of the mechanism of labor and prediction of delivery mode"***, од студентот на трет циклус на студии д-р Чибишева Весна, обработува нова и многу актуелна тема од областа на современото акушерство, а резултатите од ова истражување во иднина ќе послужат за модернизација на клиничките протоколи за менаџмент на процесот на породување и рана детекција на застој во родилниот прогрес.

Предмет на истражувањето е користењето на ултразвукот како метода за следење на родилниот прогрес, што претставува едно сосема ново поле на дијагностичка апликација на ултразвукот во секојдневната клиничка пракса. Породувањето традиционално се следи со дигитални вагинални прегледи, чиешто изучување бара долгогодишно искуство со специфична крива на учење, а истовремено прегледите се субјективни и поврзани со висок степен на интеробсерверски разлики. Од гледна точка на пациентките, вагиналните прегледи се поврзани со голем степен на инвазивност, непријатност и нарушување на интегритетот на телото коешто раѓа. Современите протоколи за менаџирање на процесот на породување подразбираат нивна комплетна модернизација со воведување на нови методи и алатки, кои ќе го поедностават процесот на донесување на одлуки, особено при постоење на отежнувачки фактори за класично следење на пациентките, а тоа се главно случаите со фетални малротации, малпрезентации и постоење на породилен надув на феталната глава, што го отежнува правилното одредување на позицијата на фонтанелите. Механизмот на нормално породување се следи преку дефинирање на соодносите на специфично дефинирани точки на феталната глава и делови од мекиот, односно коскениот дел на родилниот канал на мајката. При несоодветна поставеност на плодот и лоша вагинална проценка на пациентката драстично расте бројот на дистокични породувања, породувања завршени со царски рез, неуспешни вагинални акушерски операции, што последователно носи кон поголема стапка на перинатален морталитет и морбидитет.

За користењето на ултразвукот во секојдневната пракса во родилните боксови се зборува уште од 1990-тите години, но екстремно популаризирање на сонографските наоди интрапартум се бележи во изминатите 10 години. Оваа метода активно и успешно се користи во високоразвиените земји, и тоа не како единствена, туку како комплементарна метода на вагиналниот дигитален преглед. За разлика од дигиталните прегледи кои се строго субјективни и во голема мера зависни од искуството на операторот, со интрапартум ултразвукот се добиваат прецизни математични податоци. Сонографската евалуација ни дава можност побрзо да детектираме било каков застој во породувањето, односно детекција на дистокија од било кој тип. Истовремено, преку ултразвучните параметри многу полесно го предвидуваме начинот на породување, можноста за вагинално породување и времето потребно до породување. Дополнително, мерењата кои се вршат со помош на ултразвучна сонда се поприфатливи за родилките и истите ги поврзуваат со чувство на интимност, достоинство, намалена перцепција на болка, индивидуален пристап и заедничко следење на наодите со последователно донесување на одлуки.

The International Society of Ultrasound in Obstetrics and Gynecology (ISUOG) го препорачува интрапартум ултразвукот како дополнителна помошна алатка во менаџирање на родилниот прогрес. Индикации за негова употреба се бавен прогрес или отсутво на прогрес во прво и второ родилно време, детална процена на позицијата на феталната глава пред изведување на вагинална акушерска операција и објективизација на случаите со малпрезентации. Ултразвучните мерења се изведуваат преку трансабдоминален и трансперинеален пристап, со цел да се утврди позицијата на феталната глава и феталниот рбет, како и да се процени феталниот десцензус и позиција. Во родилните боксови се користат лесно транспортибилни ултразвучни апарати, опремени со конвексна дво-димензионална сонда, со широк спектар на приказ и ниска фрекфенција на инсонација (<4MHz) и притоа истата се користи за обата пристапи. Со трансабдоминален пристап во сагитална и трансферзална рамнина, се одредува феталната позиција и тоа преку детектирање на феталниот рбет, но и маркери на феталната глава, како орбити, окципитална регија и хороиден плексус. При трансабдоминалниот преглед, а со цел одредување на феталниот хабитус, се мерат два агли: торакоментален и окципитоспинален. Трансперинеалниот пристап овозможува директен приказ на главата на плодот, која е веќе ангажирана во малата карлица на мајката и не е во целост видлива со сите анатомски

белези над симфизата. Со помош на овој пристап се следи аголот на прогресија или агол на десцензус, растојаните меѓу феталната глава и симфизата, аголот на ротација или средишен агол, како и растојанието меѓу главата на плодот и перинеумот. Дополнително може да се следи и насоката на движење на предлежечкиот дел на плодот, растојанието на прогресот, како и цервикална должина, задниот цервикален агол, матерналниот супрапубичен агол и ширина на леваторен хијатус.

Користејќи го интрапартум ултразвукот за следење на механизмот на породување, споредбено со трансвагиналната дигитална евалуација, била детектирана висока стапка на грешка, 76% и 65%, за прво и второ родилно време следствено. Анализата на примероците, базирано на искуството на лекарот, покажале дека специјалистите имаат два пати поголема стапка на успех во процената во тек на прво родилно време, наспроти специјализантите, додека пак во второ родилно време не постоела сигнификантна разлика во наодите. Интрапартум ултразвукот примарно бил иследуван во детектирање на позицијата и степенот на десцензус на феталната глава, притоа овозможувајќи брза дистинкција меѓу родилките кои ќе имаат можност за вагинално спонтано или инструментално породување, наспроти оние чиешто породување ќе се заврши оперативно со царски рез. Истовремено, трансперинеалниот ултразвук, поточно мерењето на растојанието меѓу најниската точка на коскениот дел од главата на плодот и перинеумот на мајката, може прецизно да ја процени ангажираноста на феталната глава и да биде помошна алатка во предикцијата на текот на породувањето кај пациентки со руптура на плодовите обвивки, пред започнување на активната фаза од породувањето. Со популаризирање на методата за интрапартум ултразвук се повеќе се спроведуваат анализи кои ги иследуваат параметрите за евалуација поединечно, поврзувајќи ги истите со исходот на породувањето, или пак степенот на успешност на интрапарталните интервенции.

Кај протрахирани породувања истражувањата се фокусираат на сонографската квантификација на степенот на флексија на феталната глава, со што дефлексионите ставови се поврзани со продолжено второ родилно време. Прогресијата на спонтаното породување, особено при цервикална дилатација над 6cm, следена со интрапартални сонографски белези е моќна алатка во донесување на клинички одлуки кај дистокични породувања, но и значаен фактор во редукција на непотребните интервенции и намалуање на инциденцата на царски резови. Сонографската евалуација, како објективен и квантитативен метод, значајно го проширува полето на знаење од обласа на физиологијата, но и патофизиологијата на породувањето. Со следење на родилниот прогрес и предикција на начинот на породување се фаворизира активниот менаџент на родилниот прогрес и се подобрува значително перинаталниот исход. Во случаи каде прогресот е бавен, трансперинеалниот ултразвучен пристап ги подобрува клиничките техники за инструменталните вагинални породувања, мануелна ротација на перзистентна окципитопостериорна позиција, како и при асистирано породување на втор близнак во карлична презентација. Детекцијата на минимален или отсутен фетален десцензус во фаза на активно напнување е асоцирано со подолго времетраење во изведувањето на акушерската вагинална операција, односно со зголемена стапка на царски резови кај нулипари. Сонографското следење на второ родилно време и детекција на намалено растојание меѓу главата на плодот и перинеумот со активна насоченост на главата кон горе, особено во процесот на активно напнување, може да ја зголеми шансата за спонтано породување, и покрај пролонгираното времетраење.

Имплементацијата на современите протоколи за следење и менаџмент на породувањето со интрапартум ултразвук е асоцирано со значителен пад на инциденцата на примарни царски резови, особено на оние под индикација за дистокија. Истовремено, не се детектирани значителни разлики во неонаталниот исход и матерналниот морбидитет и морталитет.

За разлика од дигиталните вагинални прегледи и репродуцибилноста на нивните наоди, сонографските параметри се попрецизни и поврзани со помал степен на интер и интраобсерверски разлики. Кривите кои графички го презентираат процесот на изучување на двата пристапи јасно прикажуваат разлика меѓу двата методи, притоа потенцирајќи го фатот дека интрапартум ултразвучната анализа може да ја спроведуваат и акушерки, без никакво предходно искуство во ултразвучната дијагностика. Не постои статистички значајна разлика во евалуација на прогресијата на породувањето и детекцијата на феталната позиција при компарација на трансперинеалните наоди добиени од перинатолозите кои секојдневно работат во родилиштата и акушерките.

Со апликација на сонографскиот метод, покрај наодите од вагиналните прегледи, во партограмите за следење на прогресот на породување, може да бидат вметнати и ултразвучните параметри. Концептот на сонопартограм подразбира унапредување на класичниот партограм и позитивно влијание на евалуација на прогресот на породувањето, пред се заради тоа што е апликабилен во сите случаи. Со сонопартограмот значително попрецизно се предвидува времетраењето на породувањето, со особен осврт на второ родилно време, вклучувајќи ги тука и мајчините карактеристики интрапартум. Трансперинеалните параметри, потребни за следење на раѓањето преку сонопартограм, ја намалуваат потребата за вагинални прегледи, комплетно се безболни и се изведуваат во стерилни услови. Модернизацијата на родилиштата и осовременување на протоколите за менаџмент на процесот на породување подразбирааат и подобрување на условите за родилките, како и унапредување на нивното задоволство и подобрување на искуството во родилниот бокс. Транслабијалниот или трансперинеален ултразвучен преглед е генерално поприфатлив за пациентките, подобро го толерираат споредбено со вагиналните прегледи со оглед на тоа што сите го поврзуваат со намалено чувство на срам, нарушено достоинство, непочитување, акушерско насилство или пак инвазивност.

Акушерскиот ултразвук традиционално се поврзува со сонографското следење на фетусот и антенаталната детекција на фетални абнормалности, но сепак во последните години употребата на ултразвукот во родилиштата се популаризира, како резултат на се' поголемиот број на научни докази за неговата корисност во објективниот мониторинг на родилниот прогрес. Ова главно се должи на неговата прецизност, точност, мала интер и интраобсерверска разлика, како и позитивното искуство на пациентките. Процедурата се учи лесно, брзо се изведува, а истовремено подобро се толерира од пациентките заради неизвазивноста. Современиот пристап кон породувањето на долг рок носи до редукција во перинаталниот и мајчинот морбидитет и морталитет, редукција во бројот на породувања со царски рез и значаен економски бенефит за здравствениот систем. Со унапредување на сонографската технологија, дигитализацијата, како и се помасовната имплементација на вештачката интелигенција, се отвора ново поле и идни перспективи за интрапартум ултразвукот.

Целта на ова истражување е јасно прикажана и истата е во насока на детална евалуација на параметрите за сонографско следење на механизмот на породување и предикција на вагинално породување. Со следење на математичките параметри, односно аголот на прогресија и аголот на ротација, растојанието глава на плод-перинеум, глава на плод-симфиза, полесно ќе се детектираат дистокичните породувања и рано ќе се дијагностицираат малротации и малпрезентации. Истиот пристап може да се користи и за објективизација на случаите со постоење на породилен надув или изразено коскено преклопување на черепот на плодот. Ултразвукот може да послужи и како помошна алатка за прецизно изведување на вагинални акушерски операции, а во иднина да придонесе во намалување на инциденцата на царски резови, стапката на перинаталните инфекции и перинаталниот морталитет. Модернизацијата на перинатолошките протоколи подразбира и промовирање на концептот на мобилност и правилно позиционирање на родилките, како и унапредување на нивниот комфорт и позитивно родилно искуство.

Темата на овој предлог-докторски проект е јасно елаборирана со голем потенцијал за идна апликабилност на очекуваните резултати. Базирано на ова истражување постои реална идна можност за креирање на единствен национален протокол за современ менаџмент на родилиштата, кој би се користел на територија на целата држава со законски регулирана апликација на неговата примена во сите државни и приватни родилишта. Со користење на сонографското следење на механизмот на породување се отвора можност за намалување на економските трошоци во гинеколошко-акушерските институции, и тоа во насока на намалување на бројката на потребни прегледи од прием во родилна сала до породување, намалена потреба од персонал во родилните боксови, скратено време на престој во болница, како и во перспектива намален товар за целокупниот здравствен и систем за социјална заштита.

Во ерата на дигитализација и се' почесто користење на вештачката интелигенција во медицината, сонографскиот пристап овозможува дигитално следење на породувањето преку електронски трансфер на податоците во единица време, последователно креирање на е-партограм, односно интегрирање на податоците во платформа или апликација која може да се користи за real-time консултации со искусни акушери, кои немора физички да бидат присутни во родилниот бокс во тек на породувањето. На овој начин се овозможува брзо донесување на прецизни клинички одлуки за менаџирање на едно породување, што е од особена важност при постоење на некаква перинатолошка итност. Со новиот пристап во акушерството очекуваме и подобрување на општото јавно мислење и значајно намалување на родилните трауми на женската популација во репродуктивна возраст.

Модерното акушерство цели кон индивидуализација на пристапот кон родилките, со редуцирање на инвазивните процедури и заедничко донесување на одлуки. Спонтаното породување е нормален физиолошки процес и истото со соодветно следење и менаџирање води кон намалување на можните перипартални компликации и случаите поврзани со лош перинатален исход.

## З А К Л У Ч О К

Рецензентската комисија ***ЈА ПРИФАЌА*** пријавената тема со предлог-докторски проект за изработка на докторски труд, бидејќи обработува актуелна тема од областа на клиничката медицина-гинекологија и акушерство, и истата може да има значаен придонес во идната перинатолошка пракса.

Комисијата дава позитивен извештај и му предлага на Советот за докторски студии и Наставно-научниот совет, да ја прифати и одобри понатамошната постапка за овој труд.

Рецензентска комисија:

1. проф. д-р Весна Антовска,

2. проф. д-р Ана Данева Маркова

3. проф. д-р Горан Кочоски

Скопје, 2025

# РЕЦЕНЗИИ
# ЗА ОЦЕНА НА ДОКТОРСКИ ДИСЕРТАЦИИ
# ПО МЕДИЦИНА ОД ДОКТОРАНТИ НА ШКОЛАТА ЗА ДОКТОРСКИ СТУДИИ ПРИ УКИМ

# Р Е Ц Е Н З И Ј А
# ЗА ОЦЕНА НА ДОКТОРСКАТА ДИСЕРТАЦИЈА „АНАЛИЗА НА ЕФЕКТИТЕ ОД ТРАНЕКСАМИЧНАТА КИСЕЛИНА ВРЗ КРВОЗАГУБАТА ПРИ ТОТАЛНА АРТРОПЛАСТИКА НА КОЛКОТ“ ОД Д-Р ДЕЈАН ДАМЈАНОВИЌ, ПРИЈАВЕНА НА МЕДИЦИНСКИОТ ФАКУЛТЕТ ВО СКОПЈЕ

Врз основа на член 73 од Статутот на Медицинскиот факултет во Скопје, во состав на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј'' во Скопје (Универзитетски гласник бр. 458/2019 и бр. 458/2021 – анекс), член 275 од Статутот на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје (бр. 425 од 28.6.2019) и член 63 од Правилникот за условите, критериумите и правилата за запишување и студирање на трет циклус академски студии – докторски студии на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје (Универзитетски гласник бр. 530/2020), Наставно научниот совет на Факултетот, на својата **XXV** редовна седница, одржана на **17.11.2025** година, а по предлог на Советот на студиската програма на трет циклус студии – докторски студии по медицина донесе Одлука за формирање на Комисија за одбрана на докторскиот труд на кандидатот д-р Дејан Дамјановиќ со наслов: „Анализа на ефектите од транексамичната киселина врз крвозагубата при тотална артропластика на колкот“, во состав: проф. д-р Зоран Божиновски (претседател), проф. д-р Венјамин Мајсторов (ментор), проф. д-р Даниела Георгиева (член), проф. д-р Роза Џолева Толевска (член) и проф. д-р Бети Зафирова Ивановска (член).

Комисијата во наведениот состав, со внимание го прегледа и го оцени докторскиот труд и на Наставно-научниот совет на Медицинскиот факултет му го поднесува следниов

## И З В Е Ш Т А Ј

## АНАЛИЗА НА ТРУДОТ

Докторскиот труд на кандидатот д-р Дејан Дамјановиќ, со наслов: „Анализа на ефектите од транексамичната киселина врз крвозагубата при тотална артропластика на колкот”, содржи 127 страници компјутерски обработен текст во фонт Times New Roman, со 1,5 проред, големина на букви 12, 152 библиографски единици, меѓу нив научни трудови, статии и книги. Трудот има апстракт на македонски и англиски јазик и е структуриран во 9 глави, и тоа: вовед, мотив за изработка на докторската дисертација, цели на истражувањето, хипотеза, материјал и методи, резултати, дискусија, заклучок и литература. Текстот е збогатен со 61 табела и 53 слики, а деловите се систематизирани во точки и потточки со наслови и поднаслови со што се обезбедува соодветно следење на материјата која е обработена во истражувањето. Трудот обработува актуелна научна и клиничка проблематика, вредна и оправдана за истражување, како од научен така и од клинички аспект. Начинот на презентирање е концизен, јасен и лесно разбирлив.

**Насловот** на докторската дисертација е јасен, репрезентативен и концизен, и во целост одговара на содржината и предметот на докторската дисертација.

**Првото поглавје** од докторската дисертација претставува **Вовед**, кој е правилно структуриран и понатаму е поделен во 5 точки, односно тематски единици: Анатомија на

колкот, со потточките: Остеологија на колкот, Лигаменти и зглобна капсула на колкот, Мускулатура на колкот, Васкуларизација на колкот и Инервација на колкот. Следни тематски единици се: Етиопатогенеза на коксартрозата, Клиничка слика и дијагноза на коксартрозата и Третман на коксартрозата, каде што детално се образложени конзерватиниот и хируршкиот третман, со посебен осврт на тоталната артропластика на колкот, нејзиниот историјат, хируршки пристапи, дизајн на протези и материјали, компликации и крвозагуба при тоталната артропластика на колкот. Во последната тематска единица од првото поглавје, детално се образложени антифибринолитиците со фокус на транексамичната киселина, нејзината фармакокинетика и фармакодинамика. Образложени се несаканите ефекти, каде што се напоменува дека транексамичната киселина добро се поднесува, несаканите ефекти се ретки и се манифестираат во вид на мачнина или дијареја. Резултатите од контролираните клинички студии не ја потврдиле загриженоста од можноста за зголемена појава на тромботични настани кај пациенти третирани со инхибитори на фибринолиза. Нема мутагени или штетни ефекти врз плодот. Промените во ретината кои можат да се јават при администрација на токсични дози не се појавуваат при администрација на лекот во терапевтски дози. Можно е да се јават промени во колорниот вид и во тој случај треба терапијата да се прекине.

Во **второто поглавје** од докторската дисертација е опишан **мотивот** за изработка на оваа студија, кој е јасно дефиниран. Кандидатот потенцира дека дегенеративните заболувања на колкот се едни од најчестите мускулно-скелетни нарушувања. Согласно со растечката инциденца во светски размери, се нотира пораст на бројот на пациенти со артроза на колкот кои имаат потреба од оперативен третман. Како главен мотив за изработка на оваа докторска дисертација, кандидатот го посочува фактот дека и покрај напредокот во технологијата на биоинженерингот, дизајнот на протезите, материјалите, инструментите и минимално инвазивната хирургија, сѐ уште тоталната артропластика на колкот е асоцирана со екцесивна крвозагуба и потреба од трансфузија на крв. Ефектите од фармаколошките супстанции наречени антифибринолитици, особено на транексамичната киселина врз крвозагубата при тотална артропластика на колкот, претставува мотив за истражување и работа на ова поле, а воедно и мотив за изработка на ова истражување.

Во **третото поглавје** од докторската дисертација, кандидатот ги презентира **целите на истражувањето,** кои се јасно дефинирани и одредени. Главната цел на ова истражување е да се направи проценка на ефикасноста и клиничкото влијание на интравенската примена на транексамичната киселина кај пациенти подложени на тотална артропластика на колкот, преку анализа на повеќе релевантни хематолошки и клинички параметри. Оттука, конципирани се следните специфичните цели на истражувањето: да се одреди влијанието на транексамичната киселина врз крвозагубата при тотална артропластика на колкот, да се одреди влијанието на транексамичната киселина врз потребата од трансфузија на крв при тотална артропластика на колкот, да се одреди влијанието на транексамичната киселина врз волуменот на постоперативна дренажа и да се одреди влијанието на транексамичната киселина врз постоперативните вредностите на еритроцитите, хемоглобинот и хематокритот.

Во **четвртото поглавје**, кандидатот ја прикажува **хипотезата** на која е засновано ова истражување. Кандидатот потенцира дека врз основа на претходните научни сознанија и доказите кои ги нуди литературата, како и врз основа на поставените цели, се поставува прашањето дали примената на транексамичната киселина при тотална артропластика на колкот значително може да ја намали крвозагубата, потребата од трансфузија, како и

волуменот на постоперативната дренажа, притоа овозможувајќи добри постоперативни хематолошки параметри и позитивни клинички исходи. Оттука, овој труд како главна хипотеза ја има следната: Употребата на транексамичната киселина безбедно и статистички сигнификантно ја намалува крвозагубата при тотална артропластика на колкот.

**Петтото поглавје** ги прикажува **пациентите и методите**, каде што систематски се претставени одредени компоненти на методологијата на испитување за нивно полесно следење. Ова поглавје има 9 потточки. Кандидатот во првата потточка го дефинира дизајнот на студијата како проспективна клиничка студија која го вреднува влијанието на транексамичната киселина врз крвозагубата при тотална артропластика на колкот преку компарација на крвозагубата при истата хируршка интервенција без употреба на транексамична киселина. Истражувањето е спроведено на Универзитетската клиника за ортопедски болести во Скопје при ЈЗУ УК за ТОАРИЛУЦ во Скопје, во периодот од 2023 до 2025 година. Во студијата, примерокот го сочинуват 80 пациенти со дијагностицирана коксартроза, со наполнети 18 години, кај кои клинички и радиографски постоела индикација за оперативен третман и кои биле третирани со тотална безцементна артропластика на колкот. Пациентите по случаен избор се поделени во две групи (испитувана, со употреба на транексамична киселина и контролна, без употреба на транексамична киселина). Во студијата се вклучени пациенти кои ги задоволуваат сите вклучувачки критериуми: полнолетни пациенти од двата пола, кои подлегнале на операција за еднострано имплантирање на тотална безцементна ендопротеза на колкот, поради остеоартроза на зглобот на колкот, пациенти кои имале само примарна елективна артропластика на колкот, пациенти со АСА статус 1 – 3, пациенти со уреден хематолошки статус, електролитен статус и хемостаза и пациенти со дадена писмена согласност за да учествуваат во истражувањето. Во студијата не се вклучени оние пациенти според дефинираните критериуми за неучество во студијата: пациенти кои имаат позната алергија на транексамична киселина, пациенти со коагулопатија, пациенти со тромбоемболиски настан од кој било вид, пациенти кои 24 часа пред операцијата примиле свежо смрзната плазма и други крвни продукти или лекови кои може да влијаат на коагулација на крвта, пациенти со тешки срцеви заболувања, пациенти со бубрежна инсуфициенција, пациенти со хепатална инсуфициенција, инфекција на зглоб, остеомиелитис, пациенти со докажани малигни заболувања, пациенти со ревматоиден артритис, пациенти кај кои се планира да се користи коскен цемент за фиксација на компонентите од ендопротезата, пациенти со историја на конвулзии и пациенти кои употребуваат орални контрацептиви. Во следната потточка, кандидатот ги објаснува општите постапки. Во шестата потточка, образложени се хируршките методи. Кај сите пациенти е користен модифицираниот антеролатерален пристап според Watson Jones, кој е детално опишан. Кај пациентите во контролната група, лекот транексамична киселина не е администиран. Кај пациентите во испитуваната група, лекот транексамична киселина е администриран пред кожната инцизија според препорачаните дози за стандарден третман на локална фибринолиза, односно 1 g (2 ампули од 5 ml) транексамична киселина преку бавна интравенска инфузија (= 1 ml / min). Во седмата потточка, образложени се предоперативните, интраоперативните и постоперативните постапки. Од предоперативни постапки, правени се мерење на телесна висина, телесна тежина и индекс на телесна маса, забележување на предоперативните нивоа на еритроцити, хемоглобин и хематокрит и пресметување на вкупниот волумен на крв (ВВК) по формулата на Nadler која гласи: ВВК мажи = $k_1 \times h^3 + k_2 \times w + k_3$, $k_1 = 0,3669$; $k_2 = 0,03219$, $k_3 = 0,6041$, ВВК жени = $k_1 \times h^3 + k_2 \times w + k_3$, k1 = 0,3561; k2 = 0,03308; k3 = 0,1833,

каде што h е телесна висина во метри и е w – телесна тежина во килограми. Главна интраоперативна постапка е нотирање на бројот на интраоперативни трансфузии на крв. Во постоперативни постапки нотирани се бројот на постоперативни трансфузии на крв, вредностите на еритроцити, хемоглобин и хематокрит 3 часа постоперативно, вториот постоперативен ден и петтиот постоперативен ден, пресметани се вредностите на хемоглобин и хематокрит 3 часа постоперативно, вториот постоперативен ден и петтиот постоперативен ден без администрирана трансфузија на крв земајќи го во предвид податокот дека една единица на декантирани еритроцити го покачува нивото на хемоглобин за ~ 1g / dl и нивото на хематокрит за ~ 3 %, мерен е волуменот на дренажа во текот на оперативниот и првиот постоперативен ден со дигитална вага и мерена е вкупната загуба на крв во милилитри со формулата на Mercuriali која гласи ВЗК = ВВК x (Hct преоп. – Hct 5-ти постоп. ден) + трансфузија на еритроцити во ml. Во потточката собирање на податоци е прикажан формуларот кој се користи за собирање на податоци за нивен внес во базата на податоци. Во потточката метод на статистичка обработка на резултатите е покажана статистичката анализа на податоците, која е направена во статистичкиот Statistical Package for the Social Sciences programme (SPSS Inc, Chicago, Illinos) верзија 25.0. Резултатите се прикажани графички и табеларно. За тестирање на дистрибуцијата на податоците користен е Kolmogorov–Smirnov и Shapiro Wilk's W test. Квалитативните варијабли се прикажани со апсолутни и релативни броеви. Квантитативните варијабли се прикажани со просек, минимални и максимални вредности, стандардна варијација. За споредување на испитуваната и контролна група во однос на квалитативните податоци, користен е Chi-square test, квантитативните варијабли меѓу двете групи споредувани се со Student t-test .

Разликите во вредностите на хематолошките параметри во анализираниот временски период во секоја група споредувани и тестирани со со Repeated Measures ANOVA анализата, разликите меѓу две временски точки тестирани се со Student t–test for dependent samples. Pearson-ов коефициент на линеарна корелација користен е за испитување на корелацијата помеѓу возраста и BMI со хематолошките параметри во секоја група. Статистичката сигнификантност дефинирана е на ниво на $p < 0,05$.

**Резултатите** од истражувањето се прикажани во **шестото поглавје**. Пациентите биле поделени во 2 идентични групи: 40 пациенти од испитуваната група (ИГ) со употреба на транексемична киселина (TXA) и 40 пациенти од контролната група (КГ) без употреба на TXA. Пациентите биле на возраст од 32 до 76 години, на просечна возраст од 61,9 ± 8,4 години. Половата структура на испитаниците ја сочинувале 39 (48,75 %) машки пациенти и 41 (51,25 %) пациенти од женски пол. Меѓу пациентите од двете групи немало сигнификантна разлика во половата дистрибуција, возраста, индексот на телесна маса и просечниот вкупен волумен на крв. Немало значајна разлика меѓу двете групи и во предоперативните вредности на ертитроцити, хемоглобин и хематокрит. Не била потврдена статистичка сигнификантна разлика во вредностите на еритроцити по 3 часа од интервенцијата меѓу испитуваните групи ($p = 0,700$). Er просечно изнесувале 4,05 ± 0,4 $10^{12}$ / l во групата со TXA; 4,01 ± 0,43 $10^{12}$ / l во групата без TXA. Пациентите кои примале TXA 3 часа после интервенцијата имаале просечен хемоглобин од 120,35 ± 11,4 g / l, просечниот хемоглобин во групата пациенти кои не примале TXA изнесувала 119,72 ± 13,7 g / l; разликата меѓу двете групи не била статистички сигнификантна. Третиот час по интервенцијата, пациентите од ИГ имале просечен хемоглобин одреден без трансфузија од 119,60 ± 12,1 g / l, кај пациентите од КГ просечниот хемоглобин изнесувал 112,95 ± 14,9 g / l; разликата од просечни 6,65 g / l била статистички сигнификантна, за $p = 0,0313$.

Вредностите на Hgb без трансфузија, 3 часа по интервенцијата биле значајно повисоки кај пациентите кои примиле TXA. Пациентите од испитуваната и контролна група по 3 часа од интервенцијата имале слични вредности на хематокрит, односно, статистички несигнификантна била разликата во просечните вредности на Hct меѓу пациентите кои примиле/не примиле TXA (0,36 ± 0,036% vs 0,35 ± 0,041 %; p = 0,182). Третиот час по интервенцијата, хематокритот одреден без трансфузија имал сигнификантно различни вредности кај пациентите од испитуваната и контролна група (p = 0,002). Просечните вредности на хематокрит без трансфузија биле значајно повисоки во групата со TXA (0,36 ± 0,038 %), споредено со групата без TXA (0,33 ± 0,044 %), со разлика од просечни 0,03 %. Меѓу испитуваната и контролна група не била потврдена статистичка сигнификантна разлика во вредностите на еритроцити по 2 дена од интервенцијата (p = 0,879). Er просечно изнесувале 3,61 ± 0,43 $10^{12}$ / l во групата со TXA; 3,59 ± 0,44 $10^{12}$ / l во групата без TXA. По 2 дена од интервенцијата хемоглобинот просечно изнесувал 108,70 ± 12,3 g / l во ИГ; 107,30 ± 12,8 g / l во КГ, без статистичка сигнификантна разлика меѓу двете групи (p = 0,620). Просечните вредности на хемоглобин без трансфузија вториот постоперативен ден изнесувале 106,95 ± 13,8 g / l во ИГ; 99,55 ± 13,2 g / l во КГ, разликата од просечни 7,4 g / l била статистички сигнификантна, за p = 0,016. Пациентите кои примиле TXA по 2 дена од операцијата имале значајно повисок хемоглобин одреден пред трансфузија споредено со пациентите кои не примиле TXA. Не била најдена статистичка сигнификантна разлика во вредностите на хематокритот меѓу испитуваните групи по 2 дена од интервенцијата (p = 0,694)**.** Просечниот хематокрит во оваа временска точка изнесувал 0,3208 ± 0,037 % во групата со TXA; 0,3173 ± 0,041 % во групата без TXA. Вториот постоперативен ден пациентите кои примиле TXA имале сигнификантно повисок хематокрит без трансфузија, просечно 0,3155 ± 0,04 %, споредено со пациентите кои не примиле TXA, со просечен хематокрит од 0,2941 ± 0,04 %; разликата од просечни 0,0214 % се потврдила како статистички сигнификантна (p = 0,023). Не била потврдена статистичка сигнификантна разлика во вредностите на еритроцити по 5 дена од интервенцијата меѓу испитуваните групи (p = 0,898). Er просечно изнесувале 3,52 ± 0,6 $10^{12}$ / l во групата со TXA; 3,505 ± 0,4 $10^{12}$ / l во групата без TXA. Пациентите од испитуваната и контролна група по 5 часа од интервенцијата имале слични вредности на хемоглобин, односно, статистички несигнификантна била разликата во просечните вредности на Hgb меѓу пациентите кои примиле/не примиле TXA (108,45 ± 10,2 g / l vs 104,55 ± 11,7 g / l; p = 0,117). Просечните вредности на хемоглобин без трансфузија петтиот постоперативен ден изнесуваа 106,2 ± 11,9 g / l во ИГ; 94,8 ± 13,0 g / l во КГ, разликата од просечни 11,4 g / l била статистички сигнификантна, за p < 0,001. Пациентите кои примиле TXA по 5 дена од операцијата имале значајно повисок хемоглобин одреден без трансфузија споредено со пациентите кои не примиле TXA. По 5 дена од интервенцијата хематокритот просечно изнесувал 0,3212 ± 0,03 % во ИГ; 0,3078 ± 0,04 % во КГ, без статистичка сигнификантна разлика меѓу двете групи (p = 0,090). Петтиот ден по интервенцијата, пациентите од ИГ имале просечен хематокрит одреден пред трансфузија од 0,3144 ± 0,037 %, кај пациентите од КГ просечниот хематокрит изнесувал 0,2786 ± 0,039 %; разликата од просечни 0,036 % била статистички сигнификантна (p < 0,001). Вредностите на Hct без трансфузија, 5 дена по интервенцијата биле значајно повисоки кај пациентите кои примаа TXA. Во следниот дел од резултатите кандидатот ги прикажува измерените вредности од постоперативната дренажа. Количината на дрен нултиот ден била сигнификантно помала во групата со TXA (p = 0,006), просечно изнесувала 346,30 ± 147,9 ml наспроти 446,92 ± 170,1 ml во групата без TXA. Пацентите

кои примиле/не примиле TXA имале слична дренажа првиот постоперативен ден (220,55 ± 106,8 ml vs 233,62 ± 119,4 ml; p = 0,610). Вкупната количина на дрен просечно изнесувала 564,45 ± 210,7 ml во ИГ; 679,80 ± 207,6 ml во КГ, разликата од просечни 115,35 ml статистички се потврдила како сигнификантна (p = 0,016). Во групата со TXA била измерена значајно помала вкупна дренажа. Во ИГ просечната загуба на еритроцити била 486,05 ± 198,5 ml, во КГ изнесувала 765,07 ± 254,7 ml; разликата од 279,02 ml била статистички сигнификантна (p < 0,001). Значајно помала загуба на еритроцити имале пациентите кои примиле TXA. Вкупната крвозагуба била сигнификантно помала во групата со TXA (p < 0,001). Во ИГ просечната крвозагуба изнесувала 1327,92 ± 553,6 ml, во КГ крвозагубата просечно изнесувала 2144,47 ± 727,4 ml, просечна разлика од 816,55 ml. Во следниот дел, кандидатот ја анализира дистрибуцијата на дадена трансфузија на крв во интраоперативниот и постоперативниот период. Вкупно биле дадени 48 трансфузии, од кои само 9 (18,8 %) кај ИГ, додека 39 (81,2 %) кај КГ. Интраоперативно биле извршени вкупно 17 трансфузии, при што само 2 во ИГ, а 15 во КГ, што укажува на значително помала потреба од трансфузија за време на операцијата кај пациентите третирани со TXA. Постоперативно, од вкупно извршените 31 трансфузија, само 7 биле во ИГ, а 24 во КГ, што ја потврдува истата тенденција и во постоперативниот период.

**Седмото поглавје** на докторската дисертација е **Дискусија**. Кандидатот во ова поглавје ги коментира резултатите од сопственото истражување, кои се концизно и јасно објаснети. Потоа, ги споредува своите резултати со достапни податоци од литературата. Кандидатот прави детална анализа на резултатите од студијата, правејќи споредба со досега објавените стручни и научни трудови во интернационални рамки, голем број на мета-анализи и водичи и препораки што се однесуваат на ова проблематика. Кандидатот го посочува фактот дека во моментот на истражувањето, тоталната артропластика на колкот претставува најефикасна хируршка интервенција за третман на напредната коксартроза. На глобално ниво, секоја година се извршуваат над 1 милион интервенции, а овој број прогресивно се расте со зголемувањето на животниот век на населението и зголемувањето на инциденцата на остеоартроза на колкот. Кандидатот потенцира дека и покрај напредокот на минимално инвазивните хируршки техники, ТАК сѐ уште е асоцирана со екцесивно краварење и потреба од трансфузија на крв. Интраоперативното крвавење кај ТАК се јавува поради обликувањето на ацетабулумот и сечењето на вратот на фемурот, отворањето на интрамедуларниот феморален канал и дисекцијата на околните меки ткива. Долгите коски, како што се фемурот, се многу активни структури во васкуларна смисла, и затоа ортопедската хирургија е придружена со значително крвавење, кое понекогаш може да биде масивно и опасно по живот за пациентот. Откако ќе се појави крвавење од коската, тешко се запира, бидејќи методите на електрокаутеризација што се користат за меките ткива не можат да се применат тука. Крвта во коските тече низ Хаверзовите и Волкмановите канали, кои не можат да се срушат кога се изложени на топлина, како што се случува во меките ткива. Постоперативната анемија е чест несакан ефект, кој може да доведе до незадоволителен исход и системски компликации, особено кај постари лица. Иако се користат бројни протоколи за да се намали загубата на крв, алогените трансфузии на крв се сѐ уште неопходни. Трансфузијата на крв понекогаш е животоспасувачка, но познато е дека овие трансфузии на крв може да манифестираат несакани ефекти кај некои пациенти како трансфузиона реакција, имуномодулација, пренос на патогени, инфекција на рана и перипростетични инфекции. Во следниот дел од дискусијата се прави осврт на постојните формули за пресметување на крвозагуба со акцент на формулата по Mercuriali. Во следниот

дел, кандидатот прави компарација на резултатите од истражувањето со резултати добиени од интернационални истражувања и мета-анализи. Прави компарација и меѓу другите начини на администрација на лекот. Кандидатот напоменува дека употребата на ТХА, освен што резултира со помала крвозагуба и потреба од трансфузија, следствено на тоа, се намалуваат и несаканите ефекти од трансфузијата, се постигнува економски бенефит, а заштедата на крв овозможува прераспределба на крвните деривати кон пациенти кои се во животозагрозувачка состојба. Кандидатот во следниот дел од дискусијата прави осврт на други значајни области кои изискуваат понатамошно истражување. Студиите кои би се правеле во иднина би треба да ги истражат најоптимални режими на дозирање на ТХА. Иако интравенската администрација на ТХА во еднократна доза покажала јасен бенефит, времето и потребата за повеќекратно администрирање остануваат теми за дебата. Истражувањата во кои би се компарирале ефектите од единечни наспрема повеќекратни дозни режими, како и периодот на давање на лекот, би можеле да ги унапредат протоколите за да се максимизира ефикасноста на лекот, а воедно да се одржи или подобри безбедноста. Во ова истражување се користела исклучиво интравенската администрација. Идните истражувања би требало да вклучуваат споредби на ТХА, администриран интравенски, топично и во комбинација. Иако неодамна објавените мета-анализи покажуваат слични резултати за ефикасноста меѓу режимите на администрација, дополнителните студии треба подобро да ги разјаснат суптилните разлики во фармакодинамиката на лекот. Пациентите со хронична бубрежна болест, историја на тромбоемболизам и кардиоваскуларни заболувања остануваат недоволно застапени во тековната литература. Потребни се идни студии за дефинирање на препораките за безбедност и дозирање за овие популации кои обично се исклучени од испитувањата за ТХА. Повеќето студии и истражувања, вклучително и ова, се фокусираат на краткорочни периоперативни исходи, па затоа, периодите на следење во идните студии треба да се продолжат за да се потврдат долгорочните тромбоемболични безбедносни и функционални резултати за закрепнување и квалитетот на животот. Кандидатот посочува дека добиените резултати ја подржуваат употребата на ТХА како ефикасен, безбеден и економичен метод за ограничување на трансфузиите на крв при тоталната артроластика на колкот.

Во **осмото поглавје**, врз основа на анализата на податоците и добиените резултати од истражувањето, кандидатот ги формулира **заклучоците** од истражувањето. Во студијата е извршена анализа на ефектите од влијанието на транексамичната киселина врз крвозагубата при тотална артропластика на колкот. Резултатите од ова истражување покажале дека интравенската употреба на транексамична киселина при тоталната артропластика на колкот е ефикасна и безбедна метода за намалување на крвозагубата и потребата од трансфузија, со што се потврдила поставената хипотеза.

Во споредба со контролната група, пациентите кои примиле ТХА имале значајно помала вкупна крвозагуба, помала потреба за трансфузија на крв, помал волумен на дренажа и помал пад на вредностите на хемоглобинот и хематокритот во текот на постперативниот период. Во текот на студијата, употребата на ТХА не довела до зголемена појава на тромбоемболиски настани или други компликации. Кандидатот заклучува дека интравенската употреба на ТХА претставува безбедна, едноставна и економична метода, која е поддржана од бројни докази во релевантната литература, како и во ова истражување, и којашто значително ја намалува загубата на крв при тоталната артропластика на колкот. Дополнително, добар наод е дека притоа ги подобрува клиничките исходи и ефикасноста на здравствената заштита.

Последната, **деветта глава** од докторската дисертација ја содржи приложената **литература**, која е обемна, со трудови од понов датум, прегледна и коректно цитирана по прифатените стандарди.

## ОЦЕНА НА ТРУДОТ

Докторскиот труд на кандидатот д-р Дејан Дамјановиќ, со наслов: „Анализа на ефектите од транексамичната киселина врз крвозагубата при тотална артропластика на колкот", претставува актуелно истражување во клиничката медицина од областа на ортопедијата. Докторската дисертација е изработена по сите принципи на едно научно истражување. Во согласност со мотивот на студијата, дефинирани се и целите на истражувањето, научниот пристап е оригинален и внимателно избран, а методологијата на испитување е современа. Поставените цели се во целина реализирани, а добиените резултати се адекватно обработени, интерпретирани и дискутирани во согласност со нивната научна и клиничко применета вредност. Сумирајќи ги концизно резултатите од оваа студија и заклучоците кои произлегуваат, докторандот дава значаен придонес за зголемување на знаењата на ефектот на транексамичната киселина врз вкупната крвозагуба, волуменот на постоперативна дренажа, потребата од трансфузија, можните несакани ефекти, ризичните групи на пациенти и начините на администрација при тоталната артропластика на колкот. Резултатите од оваа студија сугерираат дека интравенската администрација на транексамина киселина треба да биде вклучена како рутинска и стандардна компонента при периоперативниот протокол кај тоталната артропластика на колкот.

Докторскиот труд на кандидатот д-р Дејан Дамјановиќ, со наслов: „Анализа на ефектите од транексамичната киселина врз крвозагубата при тотална артропластика на колкот", ги исполнува пропишаните услови и стандарди за подготовка на докторски труд согласно со Правилникот за условите, критериумите и правилата за запишување и студирање на трет циклус академски студии – докторски студии.

## ИСПОЛНЕТОСТ НА ЗАКОНСКИТЕ УСЛОВИ ЗА ОДБРАНА НА ТРУДОТ

Кандидатот, пред одбраната на докторскиот труд, ги објавил како прв автор, во меѓународни научни списанија, следниве рецензирани истражувачки трудови:

1. Дејан Дамјановиќ, Даниела Георгиева, Роза Џолева Толевска, Ненад Атанасов, Венјамин Мајсторов, Александар Савески, Игор Атанасовски, Марина Комненовиќ, Софија Златеска Ѓуриќ, Александра Златеска Дамјановиќ. **Assessment of pre- and post-operative values of erythrocytes, hemoglobin, hematocrit and drainage volume after administration of tranexamic acid in total hip arthroplasty**, објавен во **Academic Medical Journal 2024;4(3):75-80.**

2. Дејан Дамјановиќ, Даниела Георгиева, Роза Џолева Толевска, Ненад Атанасов, Венјамин Мајсторов, Александар Савески, Илир Шабани, Игор, Атанасовски, Михаил Пипер, Елена Петковиќ, Марина Комненовиќ, Софија Златеска Ѓуриќ, Александра Златеска Дамјановиќ, Александар Пупуноски. **Evaluation of total blood loss after administration of tranexamic acid in total hip arthroplasty** објавен во

**International Journal of Recent Research in Arts and Sciences 2025, Vol. 20,** ISSN: 1857-8128.

**ЗАКЛУЧОК И ПРЕДЛОГ**

Докторската дисертација на д-р Дејан Дамјановиќ, со наслов: „Анализа на ефектите од транексамичната киселина врз крвозагубата при тотална артропластика на колкот“,

според мислењето на Комисијата за оцена, ги исполнува основните услови и стандарди за изработен докторски труд.

Главен научен придонес на докторската дисертација е можноста од клиничка апликативна примена на резултатите по нивна извршена анализа. Студијата покажа дека употребата на транескамична киселина при тотална артропластика на колкот резултира со значајно помала вкупна крвозагуба и помала потреба за трансфузија на крв, без да ја зголеми појавата на тромбоемболиски настани и други компликации.

Врз основа на претходно изнесеното, Комисијата му предлага на Наставно-научниот совет на Медицинскиот факултет во Скопје, да ја прифати позитивната оценка и да закаже одбрана на докторскиот труд на кандидатот **д-р Дејан Дамјановиќ** со наслов: **Анализа на ефектите од транексамичната киселина врз крвозагубата при тотална артропластика на колкот.**

**РЕЦЕНЗЕНТСКА КОМИСИЈА**

**Проф. д-р Зоран Божиновски, претседател, с.р.**
**Проф. д-р Венјамин Мајсторов, ментор, с.р.**
**Проф. д-р Даниела Георгиева, член, с.р.**
**Проф. д-р Роза Џолева Толевска, член, с.р.**
**Проф. д-р Бети Зафирова Ивановска, член, с.р.**

**ИЗВЕШТАЈ ОД НАСТАВЕН ОДБОР**

Наставниот одбор на Наставно - научниот совет на Медицинскиот факултет во Скопје, одржа седница на ден 17.12. 2025 година, со следниов дневен ред:

1. Разгледување на теми и комисии за одбрана на дипломски работи за академските студии за логопеди
2. Разгледување и усвојување на предлогот за број на студенти за упис во академската 2026/27
3. Известувања за наставата
4. Разно

**Разгледување предлог-теми и предлог - комисии за одбрана на дипломски работи за студентите од академските студии по логопедија**.

Разгледани беа следниве предлози:

**1. Тијана Матеска (бр.индекс 800136/ДЛ4)**

**Тема:** Селективен мутизам (класификација, етиологија и клиничка слика)

**Ментор:** Доц. д-р Весна Лазаровска

Предлог на членови за рецензентска комисија:

1. Доц. д-р Весна Лазаровска
2. Проф. д-р Наталија Долненец Банева
3. Проф. д-р Татјана Георгиевска Јанческа

**2. Марија Илоска (бр.индекс 800212/ДЛ4)**

**Тема:** Улога на логопедот во рехабилитацијата кај пациенти со потешкотии во голтањето

**Ментор:** Проф. д-р Никола Николовски

Предлог на членови за рецензентска комисија:

1. Проф. д-р Никола Николовски
2. Проф. д-р Габриела Копачева Барсова
3. Проф. д-р Татјана Георгиевска Јанческа

**3. Ристе Јаневски (бр.индекс 800220/ДЛ4)**

**Тема:** Екранизам и пелтечење

**Ментор:** Доц. д-р Весна Лазаровска

Предлог на членови за рецензентска комисија:

1. Доц. д-р Весна Лазаровска

2. Проф. д-р Ирена Костовска
3. Проф. д-р Татјана Георгиевска Јанческа

**4. Милица Миноска (бр.индекс 800213/ДЛ4)**

**Тема:** Аутизам и вербална комуникација

**Ментор:** Доц. д-р Весна Лазаровска

Предлог на членови за рецензентска комисија:

1. Доц. д-р Весна Лазаровска
2. Проф. д-р Драгана Петровска Цветковска
3. Проф. д-р Татјана Георгиевска Јанческа

**5. Анастасија Јовановска (бр.индекс 800214/ДЛ4)**

**Тема:** Улога на логопедите во детска градинка

**Ментор:** Проф. д-р Билјана Ширгоска

Предлог на членови за рецензентска комисија:

1. Проф. д-р Билјана Ширгоска
2. Проф. д-р Јане Нетковски
3. Проф. д-р Анита Арсовска

**6. Марија Тасевска (бр.индекс 800151/ДЛ4)**

**Тема:** Логопедска интервенција кај деца со детска говорна апраксија

**Ментор:** Проф. д-р Татјана Георгиевска Јанческа

Предлог на членови за рецензентска комисија:

1. Проф. д-р Татјана Георгиевска Јанческа
2. Доц. д-р Весна Лазаровска
3. Проф. д-р Драгана Петровска Цветковска

**7. Дина Ватиќ (бр.индекс 800165/ДЛ4)**

**Тема:** Социјална когниција и нејзината улога во комуникациски-јазичен развој

**Ментор:** Доц. д-р Весна Лазаровска

Предлог на членови за рецензентска комисија:

1. Доц. д-р Весна Лазаровска
2. Проф. д-р Бети Дејанова

3. Проф. д-р Татјана Георгиевска Јанческа

**8. Ѓурѓица Гроздановска (бр.индекс 800210/ДЛ4)**

**Тема:** Логопедски третмани кај лица со пелтечење

**Ментор:** Доц. д-р Весна Лазаровска

Предлог на членови за рецензентска комисија:

1. Доц. д-р Весна Лазаровска
2. Проф. д-р Драгана Петровска Цветковска
3. Проф. д-р Татјана Георгиевска Јанческа

**9. Доника Зулбеари (бр.индекс 800215/ДЛ4)**

**Тема:** Анатомски структури во состав на патот за пренесување звучни дразби

**Ментор:** Проф. д-р Ники Матвеева

Предлог на членови за рецензентска комисија:

1. Проф. д-р Ники Матвеева
2. Проф. д-р Билјана Бојаџиева Стојаноска
3. Проф. д-р Сања Манчевска

**10. Ауљона Јашари (бр.индекс 800216/ДЛ4)**

**Тема:** Кортикални центри за слух

**Ментор:** Проф. д-р Ники Матвеева

Предлог на членови за рецензентска комисија:

1. Проф. д-р Ники Матвеева
2. Проф. д-р Елизабета Чадиковска
3. Проф. д-р Јасмина Плунцевиќ Глигороска

**11. Арљинда Ибраими (бр.индекс 800240/ДЛ4)**

**Тема:** Орган за создавање на глас- анатомска градба, локализација и фактори кои влијаат на особините (боја, висина и јачина) на гласо

**Ментор:** Проф. д-р Ники Матвеева

Предлог на членови за рецензентска комисија:

1. Проф. д-р Ники Матвеева
2. Проф. д-р Биљана Зафирова
3. Доц. д-р Весна Лазаровска

12. **Нисал Нуредин-Амети (бр.индекс 800137/ДЛ4)**

**Тема:** Логопедска работа во градинките и училиштата

**Ментор:** Проф. д-р Татјана Георгиевска Јанческа

Предлог на членови за рецензентска комисија:

1. Проф. д-р Татјана Георгиевска Јанческа
2. Доц. д-р Весна Лазаровска
3. Проф. д-р Сунчица Петровска

13. **Магдалена Митковска (бр.индекс 800162/ДЛ4)**

**Тема:** Етиологија, класификација и клиничка слика на пелтечење

**Ментор:** Доц. д-р Весна Лазаровска

Предлог на членови за рецензентска комисија:

1. Доц. д-р Весна Лазаровска
2. Проф. д-р Наталија Долненец Банева
3. Проф. д-р Татјана Георгиевска Јанческа

14. **Илина Стојковска (бр.индекс 800223/ДЛ4)**

**Тема:** Тимска работа на логопеди

**Ментор:** Проф. д-р Билјана Ширгоска

Предлог на членови за рецензентска комисија:

1. Проф. д-р Билјана Ширгоска
2. Доц. д-р Весна Лазаровска
3. Проф. д-р Јане Нетковски

15. **Вероника Вучковска (бр.индекс 800221/ДЛ4)**

**Тема:** Афазија-видови, дијагноза и третман

**Ментор:** Проф. д-р Анита Арсовска

Предлог на членови за рецензентска комисија:

1. Проф. д-р Анита Арсовска
2. Проф. д-р Емилија Цветковска
3. Проф. д-р Бети Зафирова Ивановска

**16. Азра Кадри (бр.индекс 800178/ДЛ4)**

**Тема:** Параназални синуси

**Ментор:** Проф. д-р Елизабета Чадиковска

Предлог на членови за рецензентска комисија:

1. Проф. д-р Елизабета Чадиковска
2. Проф. д-р Аце Додевски
3. Проф. д-р Јасмина Плунцевиќ Глигороска

**17. Јулија Миленковска (бр.индекс 800217/ДЛ4)**

**Тема:** Дијагноза и третман на пелтечење кај деца и возрасни

**Ментор:** Проф. д-р Анита Арсовска

Предлог на членови за рецензентска комисија:

1. Проф. д-р Анита Арсовска
2. Проф. д-р Јане Нетковски
3. Проф. д-р Јулија Живадиновиќ Богдановска

Членовите на наставниот одбор едногласно ги усвоија предлог-комисиите

**2. Разгледување и усвојување на предлогот за број на студенти за упис во академската 2026/27**

**Предлог број на студенти за запишување во прва година на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј", Медицински факултет во Скоје, за академската 2026/2027 година за сите студиски програми од прв циклус студии и интегриран циклус по општа медицина**

| Студиска програма | семестри | редовни студенти во државна квота | редовни студенти со кофинансирање | вонредни студенти | Вкупно |
|---|---|---|---|---|---|
| **Општа медицина** **реш.бр.08-484/8 од 12.7.2021** | **12** | **70** | **130** | **/** | **200** |
| **Медицинска сестра/техничар** **реш.бр.08-871/7 од 30.8.2023** | **6** | **35** | **35** | **40** | **110** |
| **Радиолошки технолози** **реш.бр.08-869/8 од** | **6** | **20** | **20** | **20** | **60** |
| **Академски студии за логопеди** **реш.бр. 08-1352/8 од 9.8.2023** | **8** | **30** | **70** | | **100** |
| **Физиотерапевти** **реш.бр.08-870/8 од 25.4.2023** | **6** | **35** | **45** | **30** | **110** |
| [1]**Општа медицина на англиски јазик** **реш.бр. 08-74/7 од** | **12** | **/** | **/** | **/** | **200** |
| **Тригодишни стручни студии за медицинско лабораториска дијагностика** **реш.бр.08-39/4** | **6** | **30** | **30** | **20** | **80** |
| **Дипломирана акушерка / акушер** **реш.бр.08-368/8** | **6** | **30** | **30** | **20** | **80** |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| **Тригодишни стручни студии за дипломиран оптометрист**<br><br>**реш.бр.08-38/8** | **6** | **15** | **25** | **10** | **50** |

Школарината за студиската програма по општа медицина за странски државјани ќе изнесува 3000 евра за една академска година.

[1]Школарината за студиската програма по општа медицина на англиски јазик изнесува 5000 евра за една академска година.

**Предлог за бројот на студенти кои ќе се запишат на втор циклус студии за академската 2026/2027 година и висина на средства за студирање**

| Студиска програма | Траење на студиите во семестри | Број на студенти | Висина на средства за студирање |
|---|---|---|---|
| Клиничка логопедија | 2 | 50 | 1.150 евра во денарска противвредност |
| Физиотерапија во неврологија | 2 | 20 | 1.150 евра во денарска противвредност |
| Физиотерапија во ортопедија и хирургија | 2 | 20 | 1.150 евра во денарска противвредност |
| Медицинска сестра/техничар-специјалист за интензивна здравствена нега | 2 | 20 | 1.150 евра во денарска противвредност |
| Анестезија со реанимација | 2 | 20 | 1.150 евра во денарска противвредност |
| Инструментар/ка | 2 | 20 | 1.150 евра во денарска противвредност |

Членовите на наставниот одбор едногласно ги усвоија предлозите.

3. **Известување за настава.** Се дискутираше за распоредот за наредниот семестар и за испитната сесија.
4. **Разно** Се дискутираше за распоредот за студиската програма на англиски јазик. Сите членови се согласија испитите за оваа студиска програма да се одржат, по барање на студентите, во февруари, а за наредниот семестра да се изработи распоред со фиксни термини.

Продекан за настава
Проф. д-р Јулија Живадиновиќ Богдановска, с.р.

**ИЗВЕШТАЈ ОД СОВЕТОТ НА СТУДИСКАТА ПРОГРАМА ОД ТРЕТИОТ ЦИКЛУС АКАДЕМСКИ СТУДИИ-ДОКТОРСКИ СТУДИИ ПО МЕДИЦИНА**

Советот на студиската програма за трет циклус академски студии-докторски студии по медицина на Медицинскиот факултет во Скопје, одржа online седница на ден **22.12.2025** година и по предложените точки на дневниот ред зазеде став:

**1. Усвојување на Предлог Елаборати за акредитација на Студиските програми од Трет циклус академски студии-докторски студи по медицина:**

**-Клиничка медицина**
**-Базична медицина**
**-Молекуларна медицина**

**2. Усвојување на предлог-одлука согласно утврдените процедури за подготовка на Конкурсот за запишување студенти на трет циклус студии – докторски студии на Универзитетот ,,Св. Кирил и Методиј" во Скопје во академската 2026/2027 година:**

1. Советот на студиска програма на третиот циклус студии по медицина утврди вкупно 145 потенцијални ментори со вкупно 145 слободни места (за студиските програми клиничка/базична медицина, базична/молекуларна медицина, клиничка/молекуларна и медицинска физика), кои ги исполнуваат условите за менторство на трет циклус студии согласно законските одредби.
2. Бројот на студентите, според слободните места на потенцијалните ментори е утврден на вкупно 145.
3. Покрај опшите услови и крутериумите за запишување на студенти на докторски студии по медицина, потребно е кандидатите да имаат и:
   - Просечен успех од најмалку 8,00 (осум) на прв циклус студии и најмалку 8,00 (осум) на втор циклус студии одделно (доколку кандидатот има завршено);
   - Лица кои завршиле според студиските програми од 2005/2006 година и се стекнале со диплома: *доктор на медицина,* а се во тек на втора половина од здравствена специјализација или специјалисти; (пред воведување на ЕКТС студии);
   - Лица кои завршиле според студиска програма од 2005/2006 (360 кредити) и се стекнале со диплома: *доктор по медицина,* а се во тек на втора половина од здравствената специјализација или специјалисти;

- Лицата кои се запишуваат на докторски студии од базична медицина на област за која нема здравствена специјализација, треба да имаат најмалку два in extenso труда како прв автор, публикувани во списанија со меѓународен уредувачки одбор;

Школарината за студирање на третиот циклус студии-докторски студии изнесува 5000 евра во денарска противвредност за 6 семестри и 8000 евра во денарска противвредност за 6 семестри за странски студенти.

## 3. Информација за извештај од комисии за оцена на предлог-докторски проект за изработка на докторски труд од:

- д-р Марко Костовски на тема: **"Компарација на стандардни методи за идентификација“и одредување на осетливоста кон антимикробни средства на патогените микроорганизми од уринокултура со автоматизирани методи и MALDI-TOF",**

- д-р Гордана Георгиева на тема: **"Профилактичен регенеративен периферен нервен интерфејс кај ампутации на долен екстремитет",**

- д-р Сара Ристовска на тема: **"Употреба на пикфлоуметар и акциски план во менаџмент на пациенти со неконтролирана астма во примарна здравствена заштита",**

- д-р Љеља Муаремоска Канзоска на тема: **"Геномна дијагностика на епилепсиите со ран почеток",**

- д-р Весна Чибишева на тема: **“Сонографско следење на механизам на породување и предикција на начин на породување”.**

## 4. Информација за извештаи од комисии за оценка/одбрана на докторска дисертација од:

